*Изработено во рамки на работењето на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област во координација на Министерството за труд и социјална политика и соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје*

# АНАЛИЗА НА ХАРМОНИЗАЦИЈАТА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА ВО ОБЛАСТА НА АНТИДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Авторка: Мирјана Најчевска

Скопје, јуни 2019 година

СОДРЖИНА

Апстракт........................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

Листа на скратеници ............................................................ **Error! Bookmark not defined.**

Вовед ........................................................................... **Error! Bookmark not defined.**

Генерални наоди ................................................................ **Error! Bookmark not defined.**

1. Претходна хармонизација на легислативата со ЗСЗД од 2010 година ........................................................................................ 8

2. Новини во ЗСЗД од 2019 година и закони кои се под влијание на овие промени ........................................................................................10

2.1. Новини во ЗСЗД од 2019 година ........................................................10

2.2. Хармонизација на постојната легислатива ...........................................15

3. Нови предизвици .............................................................. **Error! Bookmark not defined.**

3.1. Новини кои мораат да бидат аплицирани на генерално ниво ..............................22

3.2. Промени поврзани со новата поставеност на Комисијата за заштита од дискриминација ........................................................................23

3.3. Промени поврзани со постапките за заштита од дискриминација ............................23

3.4. Закони во кои мораат да се внесат антидискриминациски одредби ... ......................25

4. Заклучоци и препораки ........................................................................26

Користена литература ........................................................................28

Прилог 1 - Листа на најрелевантните анализирани закони...................................29

Прилог 2 - Листа на закони кои би се хармонизирале во согласност со максималистичкиот приод.........................................................................................56

**Апстракт**

Од донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2010 година до донесувањето на новиот закон во 2019 година, направен е обид за хармонизирање на законите и подзаконските акти со законски решенија. Хармонизирањето на одделните закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година, не е предвидено во самиот закон (во преодните и завршните одредби) и не е издигнато на ниво на обврска. Како резултат на ова, промените кои се направени не ги опфаќаат сите релевантни закони, не се соодветни на одредбите во недискриминациската легислатива и не го доближуваат ова законодавство до граѓаните.

Во новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година е предвидено „Законите коишто содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација ќе треба да се усогласат со Законот за спречување и заштита од дискриминација во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Анализата ја дава генералната рамка на хармонизацијата којашто треба да биде направена со посочување на можните модели на хармонизација и специфичните активности кои треба да бидат преземени.

Во рамките на анализата направено е мапирање на законите во кои треба да се направат промени во согласност со новите законски решенија кои се однесуваат на спречувањето и заштитата од дискриминација и се даваат препораки за најефикасно хармонизирање на легислативата со новиот закон.

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

ЗСЗД - Закон за спречување и заштита од дискриминација

Устав - Устав на Република Северна Македонија

МОН- Министерство за образование

МВР - Министерство за внатрешни работи

МНР - Министерство за надворешни работи

ЗКП- Закон за кривична постапка

ЗП- Закон за парнична постапка

ЗКП- Закон за прекршоците

## ВОВЕД

Еднаквоста и забраната на дискриминацијата се принципи кои се утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, а заштитата е зајакната со донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2010 година, казнените одредби во Кривичниот законик кои се однесуваат на дискриминацијата, Законот за еднаквите можности на жените и мажите и ратификацијата на релевантните меѓународни конвенции.

Од донесувањето на Уставот и посебно по донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2010 година, се практикува внесување на одредби кои се однесуваат на еднаквоста и антидискриминациските одредби во значаен број закони и подзаконски акти (дефиниции на дискриминација, набројување на основи на можна дискриминација и одредби насочени кон еднаквоста). Во периодот од донесувањето на ЗСЗД во 2010 година до денес, хармонизацијата на националното законодавство со Уставот, со меѓународните конвенции и со Законот за спречување и заштита од дискриминација е многу фрагментарна, неконзистентна и се изведува без воспоставување на комуникација меѓу одделните министерства кои вградуваат соодветни одредби во релевантните закони. Отсуството на системски приод во хармонизацијата на легислативата и отсуството на комуникација и усогласување, доведуваат до ситуација на големи разлики во терминологијата која се употребува, неизедначеност на дефинициите и основите на дискриминација кои се вметнати во различни закони, како и отсуство на стандардизирани процедури за постапување во случај на индицирана дискриминација во различни области во кои може да се појави. Во ниту еден од законите во кои на каков било начин се спомнува дискриминацијата не е направена врска со ЗСЗД односно, нема повикување на овој закон. Ова не е направено дури ни во релевантните закони од областа на заштитата на човековите права на пример: Законот за еднакви можности на жените и мажите, Законот за народниот правобранител).

Анализите кои се занимаваат со Законот за спречување и заштита од дискриминација и хармонизацијата на легислативата со Уставот, меѓународните конвенции и со овој закон ги перципираат овие недостатоци и ги поврзуваат како со недостатоците присутни во самиот ЗСЗД, така и со отсуството на системски пристап на државата кон усогласувањето на одредбите на овој закон со другите закони и подзаконски акти.

Една од формално-правните пречки за пристапување кон вистинска и целосна хармонизација на националната легислатива со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година е отсуството на одредба која би создала обврска за ваков вид на хармонизација. Имено, во ЗСЗД од 2010 година не е предвидена преодна одредба која би се однесувала на потребата од соодветни промени во другите закони.

На собраниската седница одржана на 5 март 2019 година е донесен новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (кој излезе во „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 101/2019, откако претходно без образложение беше вратен на повторно разгледување во Собранието на Република Северна Македонија, од страна на тогашниот претседател Ѓорѓе Иванов).

Со донесувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација, делумно е отстранет формално-правниот недостаток за хармонизација на легислативата со одредбите на овој закон, со тоа што во членот 51 во рамките на преодните и завршните одредби е предвидена обврска „Законите коишто содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација ќе треба да се усогласат со Законот за спречување и заштита од дискриминација во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон“. Дадената формулација не го решава проблемот поради ограничениот опфат кој го нуди (формално-правно се однесува само на законите кои веќе содржат одредби кои се однесуваат на дискриминацијата и може многу рестриктивно да биде толкуван од страна на законодавецот), меѓутоа претставува добар почеток за поизедначен пристап и системско менување на законодавството.

Новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација нуди поголем број новини (од аспект на дефинирањето на дискриминацијата промоцијата на еднаквоста, листата на основи на дискриминација, областите на дејствување, процедурите и надлежноста на Комисијата за заштита од дискриминација). Новините дадени во ЗСЗД од 2019 година подразбираат потреба од отворање процес на нова хармонизација на националната легислатива што треба понатаму да овозможи функционална имплементација на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација и нивно специфицирање во конкретни области на кои се однесува и во кои треба да биде применет.

Оваа анализа е направена со цел:

- Да се сумираат недостатоците на досегашната хармонизација на антидискриминациската легислатива
- Да се идентификуваат новините во Законот за спречување и заштита од дискриминација;
- Да се посочи влијанието кое овие новини би требало да го имаат во законите кои содржат/би требало да содржат антидискриминациски одредби (мапирање на засегнатата легислатива);
- Да се формулираат препораки со цел обезбедување што е можно поцелосна и поконзистентна хармонизација на националната легислатива со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Во изработката на анлизата користени се, пред сè, Уставот и националните закони и, претходни анализи на Законот за спречување и заштита од дискриминација и процесите на хармонизација на националното законодавство со овој закон и со меѓународните стандарди.

Во анализата/мапирањето на недискриминациската легислатива се користени неколку методи:

- Преглед на легислативата (деск-истражување на сите закони кои имаат или би требало да содржат одредби за еднаквост, антидискриминациски одредби и процедури за заштита од дискриминација, односно по содржината која што ја третираат можат да содржат одредби кои се потенцијално дискриминациски);
- Компаративна анализа на законите од иста област, односно законите кои третираат комплементарна материја и може да се перципираат како заедничка рамка за конкретно прашање;

- Содржинска анализа на законите од аспект не само на присуството на недискриминациски одредби туку на доволноста на овие одредби и нивната усогласеност со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во рамките на прегледот на легислативата направено е мапирање на законите во кои би требало да има недискриминациска клаузула. Во анализата се тргна од законите во кои веќе постои ваква клаузула или на каков било начин се спомнува заштитата од дискриминација (по која било основа) и/или промоцијата на еднаквоста, а листата беше проширена со законите во кои нема вакви одредби, меѓутоа, според нивната содржина и областа која ја третираат би требало да има.

Со употреба на компаративната метода, направена е споредба во третирањето на дискриминацијата во одделни области и во законите во рамките на овие области, со цел идентификување на конзистентноста на ваквиот третман, усогласеноста на законите со Законот за спречување и заштита од дискриминација и меѓусебната усогласеност на законите. Компаративната анализа овозможи идентификување на терминолошките недоследности и даде основи за препораки во насока на изедначување на законските одредби кои се однесуваат на дискриминацијата и промоцијата на еднаквоста.

Преку содржинската анализа беа лоцирани промените кои треба да бидат направени (како во одделни закони, така и уште повеќе, во одделни области). Содржинската анализа е искористена за формулирање на алтернативни решенија кои можат да бидат понудени на понатамошно разгледување со цел градење на конзистентна и изедначена легална рамка за заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста.

Методот на интерпретација е искористен со цел дообјаснување на генералните концепциски рамки на Законот за спречување и заштита од дискриминација и другата легислатива, посебно од аспект на заштитната и промотивната димензија и посебно ефективноста на заштитата.

Анализата е наменета, пред сѐ, за потребите на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, релевантните министерства кои се носители на одделни законски решенија, Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Секторот за европски прашања, Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД), Народниот правобранител, социјалните партери и граѓанскиот сектор.

## ГЕНЕРАЛНИ НАОДИ

### 1. Претходна хармонизација на легислативата со Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година

По донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација во 2010 година, недискриминациски одредби се внесуваат и во дел од законите од областите спомнати во членот 4 од ЗСЗД (работата и работните односи; образованието, науката и спортот; социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиското и инвалидско осигурување, здравственото осигурување и здравствена заштита; 4) правосудство и управа; домување; јавно информирање и медиуми; пристап до добра и услуги; членување и дејствување во синдикални и политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство; култура) и, кои се во помала или поголема мера усогласени со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во помал дел од законите се внесени и одредби со кои е направен обид да се специфицира заштитата од дискриминација во релевантната област (На пример: Закон за работни односи, Закон за социјална заштита, Закон за заштита на правата на пациентите, Закон за заштита на децата, ...).

Внесувањето на антидискриминациските одредби или одредбите поврзани со еднаквоста го прави секое министерство во областа на своето дејствување, по сопствено наоѓање, на начин и во обем кој не е однапред дефиниран и најчесто се сведува на дословно или делумно пренесување на некои од одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација или инцидентно вметнување на некој од термините во одделни членови.[1]

Според мислењето на авторот, хармонизацијата на законите не е до крај направена, од една страна, поради недоречености и проблематични формулации во самиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (пред сè, отсуството на обврска за приспособување на законите во согласност со одредбите на ЗСЗД), а, од друга страна, поради отсуството на знаења на кој начин генералните одредби дадени во законот да бидат специфицирани во конкретните области опфатени со поединечните закони.

Забелешките кои се истакнуваат во рамките на поголем број истражувања направени во периодот од донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација до неговата промена, а кои се непосредно или посредно поврзани и со хармонизацијата на целокупното законодавство можат да се поделат на две групи: проблеми кои произлегуваат и се поврзани со самиот ЗСЗД и проблеми кои се поврзани со несоодветното и/или погрешно толкување и пренесување на одредбите на ЗСЗД во другите закони.

1. Меѓу забелешките и препораките поврзани со проблемите кои произлегуваат од самиот, Закон за спречување и заштита од дискриминација а кои имаат директно влијание врз решенијата преземени или понудени во останатата легислатива можат да се издвојат:

[1] Котевска, Б., Попоска, Ж., (2017), Анализа на хармонизираноста на домашното законодавство за еднаквоста и недискриминацијата, ОБСЕ, Скопје.

- Отсуството на ефикасна заштита (поврзано како со несоодветното дефинирање на положбата и надлежностите на Комисијата за заштита од дискриминација така и со предвидените процедури пред судовите и прекршочното санкционирање предвидено во ЗСЗД)[2];

- Недостаток во основите за дискриминација (ова е забелешка која се повторува во најголем број од истражувачките извештаи и се однесува, пред сè, на отсуството на сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основа за дискриминација, меѓутоа и на недоволно прецизните термини кои се однесуваат на политичкото уверување и личното својство)[3];

- Недостатоци во одредбите со кои се регулира работењето на Комисијата за заштита од дискриминација (недостатокот на независност на Комисијата, нискиот буџет и непостоењето на стручен и административно-технички тим)[4];

- Потреба од внесување на еднаквоста како поим во Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно имплементирање на принципот на еднаков третман[5] кој погодува на проактивниот наместо на реактивниот пристап во спречувањето и заштитата од дискриминација;

- Ширина на важењето на законот (потреба од експлицитно наведување дека заштитата и забраната од дискриминација се применуваат како во јавниот така и во приватниот сектор во државата)[6].

2. Меѓу забелешките кои се однесуваат на недискриминациските одредби во целокупното законодавство (начинот на нивно внесување во одделни закони) може да се издвојат:

- Неусогласеност (како терминолошка така и материјална) која создава проблеми и во индентификацијата на дискриминацијата и во ефективната заштита.[7] Употребата на различни термини за едно исто нешто не е само формално проблематична, туку и суштинска, од аспект на значењето кое овие термини може да го имаат;

- Отсуство на обврска за хармонизација со Законот за спречување и заштита од дискриминација (што ја прави хармонизацијата максимално неизедначена)[8]. Надлежните министерства по слободно утврдување и уверување ја третираат материјата за недискриминација во релевантните закони од конкретна област. На таков начин дури и закони кои третираат идентична материја се разликуваат во однос на антидискриминациските одредби. На пример, во Законот за пензиско и инвалидско

[2] Најчевска, М., Тодоровски, С., (2015) Извештај во сенка за Комисијата во сенка, ФООМ, Скопје.

[3] Центар за правни истражувања и анализи, (2012), Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Македонско здружение на млади правници, Скопје.

[4] Центар за правни истражувања и анализи, (2012), Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Македонско здружение на млади правници, Скопје.

[5] Забелешки на Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација изработени од Хелсиншкиот комитет за човекови права (основа на Директивата 2000/78/ЕЗ).

[6] Забелешки на Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација изработени од Хелсиншкиот комитет за човекови права (Директивата 2000/78/ЕЗ и Директивата 2000/43/ЕЗ).

[7] Котевска, Б., Попоска, Ж., (2017), Анализа на хармонизираноста на домашното законодавство за еднаквоста и недискриминацијата, ОБСЕ, Скопје

[8] Ристеска, М., Мицкова-Ралева, А., ..., (2012), Извештај во сенка за антидискриминација, Центар за истражување и креирање политики, Скопје.

осигурување нема ниту една одредба која се однесува на заштитата од дискриминација, додека во Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување има дефиниција на дискриминација и листа од одреден број основи на можна дискриминација;

- Нецелосна и неконзистентна заштита од дискриминација (различна заштита за различни области, мешање на прекршочната и кривичната заштита и улогата на независните заштитни механизми)[9];

- Отсуство на ефикасна заштита (отсуство на јасни процедури и отсуство на соодветно санкционирање на сторителите на дискриминација).[10]

## 2. Новини во ЗСЗД од 2019 година и закони кои се под влијание на овие промени

### 2.1. Новини во ЗСЗД од 2019 година

Главните новини кои се внесени во новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација се однесуваат на предметот на законот, дефинициите, основите на можна дискриминација и на заштитните механизми.

*2.1.1, Предмет и цел на ЗСЗД*

Една од најсуштинските промени која се внесува во новиот закон е елементот на еднаквост (што е исклучително важно од аспект на целокупната перспектива која треба да ја имаат законите кога станува збор за дискриминацијата, а која треба да биде ориентирана кон постигнување на еднаквоста, а не единствено кон заштита од дискриминација) и елементот на промоција на еднаквоста (што подразбира проактивен однос на државата, а со тоа и проактивна нормативa насочена кон обезбедување на еднаквоста).[11]

Внесувањето на проактивниот пристап во Законот за спречување и заштита од дискриминација имплицира внесување на ваков пристап и на поширок нормативен план, што го поместува целокупното тежиште на борбата со дискриминација.

Ова значи дека во законите ќе треба да се внесат такви одредби кои ќе создадат услови за воведување афирмативни мерки, и ќе создадат обврска за постигнување фактичка еднаквост, а не само мерки кои ја забрануваат дискриминацијата и кои овозможуваат поведување постапки за санкционирање на актите на дискриминација. Ваквите законски решенија би требало да имаат директно влијание во градењето на политиките и стратегиите.

[9] Центар за правни истражувања и анализи, (2012), Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Македонско здружение на млади правници, Скопје.
[10] Цаца Николовска. М., Коцо, В., Филипов, С., (2014), Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Институт за човекови права, Скопје.
[11] Членови 2 и  3 од ЗСЗД, 2019година.

*2.1.2. Дефиниции и значење на термините*

Во Законот е дефинирана/прецизирана и усогласена со меѓународните стандарди употребата на термините: еднаквост, лице, соодветно приспособување, маргинализирана група, легитимна и оправдана цел, дискриминација по асоцијација, дискриминација по перцепција, повеќекратна дискриминација, повторена дискриминација, продолжена дискриминација и интерсекциска дискриминација.[12] Терминолошкото прецизирање би требало да помогне во полесна идентификација на дискриминацијата, во градењето на политиките, но и во изедначувањето на термините кои се употребуваат во одделни закони.

Посебно значајна новина е тоа што во Законот е дефинирано и објаснето тестирањето на ситуација како метод за докажување на дискриминација. На овој начин може да се адресираат низа дискриминациски практики кои се раширени но многу тешки за докажување и да се засили поддршката на оние групи кои поради една или повеќе дискриминациски основи се изложени на тешко препознатлива структурна дискриминација.[13]

Дефиницијата за дискриминација е видоизменета и во неа се содржани и: давањето првенство (како можен акт на дискриминација), идентификувањето на целта на активноста, покрај резултатот, која може да биде дискриминациска, спречувањето и остварувањето како можни составни елементи на актот на дискриминација, и групата, а не само индивидуата, како можен објект на дискриминација.[14]

Во Законот се идентификувани мерките и дејствата што не претставуваат дискриминација во кои се содржани: афирмативните мерки (во нивната временска и инструментална ограниченост што е исклучително важно во однос на нивното имплементирање во одделни закони), мерките на заштитата, и различниот третман кој не се смета за дискриминација.[15]

Извршено е моделирање и приспособување на меѓународните стандарди на дефинициите на: директна и индиректна дискриминација,[16] повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација,[17] вознемирување[18] и виктимизација.[19]

Додадена е дефиниција на сегрегација.[20]

*2.1.3. Инструменти за промоција на еднаквоста и заштита од дискриминација*

Во Законот се предвидува обврска за прикажување на статистичките податоци според дискриминациски основи од страна на сите субјекти задолжени за собирање на вакви

---

[12] Член 4 од ЗСЗД, 2019
[13] Член 4 од ЗСЗД, 2019.
[14] Член 6 од ЗСЗД, 2019.
[15] Член 7 од ЗСЗД, 2019.
[16] Член 8 од ЗСЗД, 2019.
[17] Член 9 од ЗСЗД, 2019.
[18] Член 10 од ЗСЗД, 2019.
[19] Член 11 од ЗСЗД, 2019.
[20] Член 12 од ЗСЗД, 2019.

податоци.[21] Ова отвора можност не само за соодветно адресирање на одредени видови дискриминација, туку и за директно постапување пред судовите во соодветните постапки.

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација преземањето „мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација“ е издигнато на ниво на обврска за сите физички и правни лица[22].

*2.1.4. Основи на дискриминација*

Во основите за дискриминација во Законот за спречување и заштита од дискриминација, како нови основи се додадени: сексуалната ориентација, родовиот идентитет, потеклото и националната припадност.

Сексуалната ориентација како основа за дискриминација не е потполно непозната и отсутна од легислативата. Инцидентно (во неколку закони) се спомнува како сексуална ориентација[23], или почесто под терминот „полова насоченост“. На пример, во Законот за вработување и работа на странци[24] меѓу основите за можна дискриминација се спомнува и половата насоченост. Во овој Закон се спомнуваат и „членување во синдикатите, политичкото убедување, националното потекло, ...“, како основи кои не се спомнуваат во тогашниот важечки Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Сексуалната ориентација и родовиот идентитет се основи кои и претходно и во моментот предизвикуваат најголем број дискусии, спротивставување и отпор, и може да се очекува дека ќе се појават како своевидна пречка во хармонизацијата на другите закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Идентификувањето на потеклото и националната припадност како издвоени основи различни од етничката припадност ќе овозможат попрецизно одредување на причините за дискриминација и ќе треба да се води сметка во процесот на хармонизација да не бидат амалгамизирани во еден поим.

Меѓу основите за дискриминација има неколку основи кои се видоизменети во однос на претходниот закон. Промената не е само јазична туку има суштинско значење. На пример, употребата на терминот политичко уверување наместо претходниот - политичка припадност, во голема мера го проширува кругот на луѓе на кои се однесува и кои може да бидат дискриминирани не само поради тоа што припаѓаат на одредена политичка партија или опција, туку и поради едноставното поклопување на вредностите кои ги застапуваат со одредена партија или политичка опција. Интересно е дека некои од овие термини веќе претходно се употребени во други закони и покрај тогашниот важечки Закон за спречување и заштита од дискриминација. На пример, во Законот за јавното обвинителство се употребува терминот политичко уверување, а не терминот политичка припадност (членот 5 од Законот за јавно обвинителство).

[21] Член 3 од ЗСЗД, 2019.
[22] Член 3 од ЗСЗД, 2019.
[23] Закон за основање национална агенција за европски образовни програми и мобилност (последна измена) 64/2018, Закон за високото образование 82/2018, Закон за семејството 122/2018.
[24] Член 4 од ЗВРС, 70/2007.

Сличен ефект би требало да има воведувањето на терминот „лично својство“ наместо претходниот „личен статус“. Под оваа основа може да бидат подведени повеќе групи луѓе кои може да бидат препознаени по специфичните својства (како физички, така и поврзани со вршењето на одредена професија, на пример), за разлика од личниот статус кој е ограничен на перцепцијата или фактичката положба на одредено лице во заедницата.

Менталната и телесната попреченост како основа за дискриминација во претходниот текст, е заменет со генералниот термин - попреченост, што повторно нуди еден поширок опфат (на пример, под овој термин може да биде подведена и сензорна попреченост, или, интелектуална и слично).

Листата на можни основи за дискриминација е потполно отворена со употреба на изразот „која било друга основа“ (без ограничувањето дадено во претходниот закон: „предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор“).[25]

*2.1.5. Заштитни механизми*

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација се внесени поголем број промени кои се однесуваат на заштитните механизми (институции и постапки за заштита од дискриминација). Во ЗСЗД е отфрлен членот за соработка со Народниот правобранител со што канцеларијата на Народниот правобранител е изедначена со сите други институции кои на некаков начин се вклучени во заштитата од дискриминација.

Законот за спречување и заштита од дискриминација претрпел најмногу промени во однос на самата Комисија за заштита од дискриминација (како од аспект на обезбедувањето на нејзината независност и професионалност, така и во однос на надлежностите и модусот на дејствување).

Во Законот се дадени параметри за обезбедување на финансиска стабилност и независност на Комисијата за заштита од дискриминација.[26]

Според новите одредби, составот на Комисијата треба да го одразува составот на општеството.[27] Во однос на изборот на членовите на Комисијата: збогатени се критериумите за избор на членови на Комисијата (искуство во обласа и партиска независност)[28], прецизирана е постапката за избор на членовите на Комисијата[29], професионализирана е работата на членовите на Комисијата.[30]

Бројот на надлежности на Комисијата битно е зголемен, а дел од претходно постојните надлежности се проширени и/или прецизирани.[31] Посебно се издвојуваат надлежностите поврзани со промоцијата на еднаквоста, подигањето на јавната свест и образованието, проактивната улога во ратификацијата на меѓународните договори од оваа област и учеството во подготовката на релевантните извештаи, директното учество во транспонирањето на меѓународното право поврзано со еднаквоста и недискриминацијата,

[25] Член 3 од ЗСЗД, 2010.
[26] Член 15 од ЗСЗД, 2019.
[27] Член 16 од ЗСЗД, 2019.
[28] Член 17 од ЗСЗД, 2019.
[29] Член 18 од ЗСЗД, 2019.
[30] Член 19 од ЗСЗД, 2019.
[31] Член 21 од ЗСЗД, 2019.

соработката со широкиот круг физички и правни лица и институции, постапувањето по службена должност, следењето на дадените мислења и препораки, директното учество во судски постапки, комуникацијата со јавноста преку медиумите, искористувањето на поширокото експертско и академско искуство и транспарентноста во работењето.[32]

Зголемениот број надлежности на Комисијата, може да создаде проблеми од аспект на капацитетите за нивното остварување, како и во однос на хармонизацијата на законодавството (како во инволвирањето на Комисијата во процесот на хармонизација, така и во предвидувањето одредби во самите закони со кои ќе биде препознаена релевантната надлежност на Комисијата).

Во процесот на хармонизација може да помогне групирањето на надлежностите во функционални кластери или кластери поврзани со специфична област на дејствување на Комисијата (на пример: заштитни, надлежности поврзани со промоцијата и едукацијата, истражувачко-аналитички, и слично). Во функција на помагање на процесот на хармонизација на законодавството, може да помогне изработка на стратешки план на Комисијата, во рамките на кој ќе бидат идентификувани приоритетите (краткорочни, среднорочни и долгорочни), и ќе бидат дадени насоки за процесот на хармонизација на другите закони.

Работењето на Комисијата е збогатено со формирање на Стручна служба за поддршка на комисијата.[33]

Постапката за постапување пред Комисијата е прецизирана, овозможено е поголемо и суштинско учество на здруженијата на граѓани и други структури кои можат да им помогнат на барателите на заштита и вметнати се одредби кои произлегуваат од некои нови законски решенија (употребата на јазиците), но и решенија кои соодветствуваат на меѓународните стандарди (употреба на знаковниот јазик).

Внесена е новина во вид на општа препорака за заштита од дискримианција во случај кога Комисијата утврдила постоење на дискриминација во однос на поголема група луѓе.

Судската заштита е засилена со овозможување да се поднесе тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес[34] и со внесувањето на статистички податоци, и/или податоци добиени со тестирање ситуација како можни докази во судската постапка.[35]

Судската заштита е засилена и со ослободувањето од плаќање судски такси за тужба за дискриминација.[36]

Во делот на прекршочните казни предвидено е зголемување на казните, но и формирање на посебен прекршочен орган кој е препознаен во органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот.[37]

---

[33] Член 22 од ЗСЗД, 2019.
[34] Член 35 од ЗСЗД, 2019.
[35] Член 38 од ЗСЗД, 2019.
[36] Член 39 од ЗСЗД, 2019.
[37] Член 45 од ЗСЗД, 2019.

### 2.2. Хармонизација на постојната легислатива

Законската рамка која ја има поставено Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, нуди сеопфатни и прецизни параметри кои можат да бидат искористени во процесот на хармонизација на легслативата со овој Закон.

Стартната точка од која ќе се тргне во хармонизацијата на легислативата со новите законски решенија е многу ниска. Појдовното ниво на хармонизација на законите со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација ни од далеку не соодветствува дури и на можностите кои ги даваше рамката која ја имаше поставено ЗСЗД од 2010 година. Ваквата ситуација,  од една страна, е лоша поради тоа што укажува на континуираната неподготвеност на државата да одговори на веќе адресираните проблеми. Меѓутоа, од друга страна, може да биде прифатено и како позитивно бидејќи дава можност за избор на алтернатива која ќе отвори врата на системско, конзистентно и сеопфатно хармонизирање во согласност со новите стандарди понудени во Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година.

*2.2.1. Генерално прашање*

За да започне процесот на хармонизација на легислативата со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација потребно е, прво, да се заземе позиција за генералниот пристап кон хармонизацијата.

Еден од предизвиците на хармонизацијата на законите со антидискриминациското законодавство е опасноста од  повторување на општите одредби кои се веќе дадени/содржани  во Законот за спречување и заштита од дискриминација и исцрпување на целокупната промена на законите со едноставно копирање на овие одредби без да се навлезе во нивното конкретизирање и специфицирање соодветно на релевантната област на која се однесуваат.

Втор предизвик е актот на пренормирање (со што не само што повторно ќе се влезе во затворениот круг на тврдењето дека сѐ што не е регулирано со закон е забрането, туку и ќе се затрупаат законите до ниво на нечитливост и неупотребливост). Ова најчесто се прави со повторување на општите одредби кои се веќе дадени/содржани  во Законот за спречување и заштита од дискриминација во сите закони и исцрпување на целокупната промена на законите со едноставно копирање на овие одредби.

Трет предизвик претставува издигнувањето на заштитата од дискриминација на ниво на систем во кој ќе се постигне комплементарно дејствување на сите закони со што ќе се избегне ненадлежноста на институциите или преклопувањето на надлежностите.

Со цел да се адресираат овие предизвици, прво прашање на кое мора да се даде одговор и прво решение кое треба да се донесе пред воопшто да се пристапи кон хармонизација на легислативата со Законот за спречување и заштита од дискриминација е кој начин/модел на хармонизација ќе се прифати?

Изборот може да се сублимира во три генерални пристапи:

А) Може да се пристапи кон екстензивна хармонизација на легислативата кое подразбира:

- внесување на сите општи дефиниции за дискриминацијата и основите на можна дискриминација во секој од законите;

- внесување на специфични начини на дискриминација и одредби поврзани со промоцијата на еднаквоста во конкретната област која ја покрива секој закон;
- внесување на општата процедура за постапување во случај на дискриминација и посебна процедура која е поврзана со областа која ја покрива релевантниот закон;
- внесување на прекршочните одредби предвидени со ЗСЗД и специфични дисциплински и прекршочни одредби кои се однесуваат на законот за кој станува збор.

Позитивното на овој пристап е тоа што се повторуваат дефинициите и основите за дискриминација со што корисниците на различни закони имаат можност да ги перципираат и да ги дознаат.

Неспорна е едукативно-промотивната вредност на еден ваков пристап за администрацијата, како и полесното користење од страна на правораздавачите.

Овој пристап отвора можност за концентрација на недискриминациските одредби во посебни глави во секој од законите, нивно специфицирање и прецизирање и дообјаснување на термините во контекст на конкретната област за која се однесува законот.

Негативното на овој пристап е поврзано, пред сѐ, со опасноста од пренормирање (зголемување на законите до ниво на неупотребливост и нечитливост).

Деталното распишување на антидискриминациските одредби во секој закон може да го реанимира принципот според кој сѐ што не е дадено во закон е забрането, да ја намали креативноста на решенијата кои се нудат во различни области и да атакува врз индивидуализацијата во третирањето на дискриминацијата.

Посебна опасност од ваквиот максималистички пристап претставува практиката за едноставно препишување на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација и нивно повторување во другите закони и/или обид за поедноставување за сметка на комплексноста на материјата која треба да се третира.

Б) Може да се примени модел на специфицирана хармонизација во рамките на кој:

- во релевантните закони ќе има антидискриминациска одредба во која нема да се даваат дефиниции, основите на дискриминација и одредбите поврзани со областа на примена на законот и основите на дискриминација, туку ќе се повика на Законот за спречување и заштита од дискриминација (на општите дефиниции, одредби, термини и процедури);
- секој од релевантните закони ќе има посебен дел кој се занимава со дискриминацијата и промоцијата на еднаквоста во специфичната област која ја третира тој закон;
- во секој закон ќе има одредби со кои ќе се предвиди процедура за постапување во случај на дискриминација во рамките на субјектите на кои се однесува релевантниот закон.

Позитивното на овој пристап е тоа што се избегнува пренормирањето и се дава простор за спецификите на дискриминацијата во секоја област, со поголем простор за мерките за постигнување еднаквост и посебните процедури за заштита од дискриминација.

Негативното е во отсуството на повторување на дефинициите и основите на дискриминација (што е потребно во услови кога постои многу ниско ниво на разбирање на дискриминацијата и во шареноликоста која може да се појави во третманот на материјата во различни закони.

Посебен негативен аспект на ваквиот пристап е тоа што тој подразбира покрај консултирање на специфичните закони истовремено консултирање и на ЗСЗД од страна на администрацијата, што може да го усложни процесот и да доведе до занемарување на ЗСЗД во донесувањето на конкретни решенија.

В) Може да се примени минималистички модел на хармонизација на законите, во рамките на кој во релевантните закони ќе има повикувачка одредба со која ќе се воспостави врска со ЗСЗД, додека специфичната заштита од дискриминација и промоцијата на еднаквоста ќе бидат регулирани во рамките на подзаконските акти поврзани со секој конкретен закон.

Позитивно во овој пристап е тоа што се намалува обемот на законите, се става во постојана употреба ЗСЗД и се поттикнува една заборавена димензија на нормирањето – подзаконските акти (со кои може многу прецизно и многу специфицирано да се имплементираат одредбите на ЗСЗД).

Негативното во овој пристап е широкиот простор за непостапување кој се остава на институциите и избегнувањето на обврските содржани во Законот за спречување и заштита од дискриминација со заобиколување на пониската регулатива и со непрепознавање на законската надлежност за постапување.

Препорачливо е да се примени системски пристап (целокупното законодавство да се хармонизира врз основа на избраниот модел, изедначено и без премногу исклучоци) со што би се избегнало актуелното шаренило во регулирањето на материјата и ќе се минимизира конфузијата како кај граѓаните така и кај органите за правораздавање и заштита. Меѓутоа, може да се употреби и своевиден „хибриден пристап“ кој подразбира комбинација најмногу меѓу два од предложените модела. Можеби најоптимално е помал дел од законите (кои може да се идентификуваат како системски) да бидат хармонизирани во согласност со максималистичкиот модел, а другите да се хармонизираат во согласност со моделот на специфицирана хармонизација (со што би се ставил акцентот на конкретните и посебни мерки на заштита од дискриминација и промоција на еднаквоста).[38]

Во секој случај, независно од моделот на хармонизација, во секој од законите треба да има повикувачка одредба кон Законот за спречување и заштита од дискриминација. На овој начин ќе се обезбеди негова практична употреба, изедначување на пристапот во различни области и пробив на термините и спецификите на антидискриминациското законодавство.

*2.2.2. Актуелна состојба*

Во отсуство на однапред изграден пристап хармонизацијата на легислативата била препуштена на *ad hock* решенијата на одделни министерства или на законодавецот кој одлучува врз основа на моменталните политички односи и/или барања.

[38] Види Прилог 2 – Табела на закони кои се хармонизираат во согласност со максималистичкиот модел.

Како резултат на тоа воспоставен е неконзистентен систем на законска заштита од дискриминација со многу мал дел посветен на промоција на еднаквоста.

Во овој и ваков систем Законот за спречување и заштита од дискриминација како да не постои. Ниту еден друг закон не се повикува на него, не го спомнува, не реферира на која било одредба од овој Закон. На таков начин и празнините кои се создадени од палијативното и потполно произволно внесување на антидискриминациските одредби во различни закони не може да бидат пополнети со одредби од ЗСЗД. Дури и закони кои се донесуваат на органи/институции чија суштинска надлежност (меѓу другото) е заштита од дискриминација (како што е, на пример, Законот за Народниот правобранител), не се повикуваат на ЗСЗД, дури не содржат ни дефиниција на дискриминацијата од која ги штитат граѓаните.

Законите кои содржат одредби поврзани со заштитата од дискриминација и промоција на еднаквоста, може да ги поделиме во неколку групи:

А) Закони во кои има некои одредби кои се однесуваат на дискриминацијата (дефиниција на дискриминација), во кои се дадени основи на дискриминација и е направен обид за нивно конкретизирање во однос на релевантната област на која се однесуваат законите.

Најраспишани меѓу овие закони се:

- Законот за Работните односи[39] во кој се дадени дел од основите на дискриминација, дефиниции на директна, индиректна дискриминација и вознемирување (во согласност со ЗСЗД од 2010 година), дел од областите на дејствување и исклучоците од дискриминација (врз основа на ЗСЗД од 2010 година). Ова е еден од ретките закони во кои е направен обид за специфицирање на можната дискриминација (во однос на бременоста и мајчинството/родителството) и членови кои се однесуваат на постапката за заштита од дискриминација;
- Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност (дадени се основи за дискриминација, се регулира право на надоместок на штета во случај на дискриминација и е еден од ретките закони во кој се спомнува промена на товарот на докажување);
- Закон за социјална заштита (во кој се дефинира забрана на директна и индиректна дискриминација, ограничен број на можни основи на дискриминација, генерална процедура во случаи на дискриминација и прекршочна одговорност);
- Закон за ментално здравје (во кој е дадена дефиниција на дискриминација, право на заштита во случаи на дискриминација, ограничен број можни основи на дискриминација, глоба во случај на дискриминација);
- Закон за заштита на правата на пациентите (во кој е поставено начело на достапност и недискриминација, ограничен број можни основи на дискриминација, генерална процедура на постапување во случај на дискриминација);
- Закон за заштита на децата (заедно со Законот за работни односи, ова е закон во кој има најголем број одредби кои се однесуваат на

[39] Види Прилог 1 - Листа на најрелевантните анализирани закони.

дискриминацијата: дефиниција на директна и индиректна дискриминација, генерална забрана за дискриминација, области на дејствување, обврски за заштита на физичките и правните лица, поединечно наброени институции на кои се донесува забраната за дискриминација, постапка во случај на дискриминација, глоба);

- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (нема дефиниција, меѓутоа, детално се разработени забраните за дискриминација по најголем број од можните основи за дискриминација, меѓу кои е вброена и дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација);
- Закон за правда за децата (нема дефиниција меѓутоа, воспоставена е обврска за заштита и проактивно дејствување на државните органи во функција на заштита на децата од дискриминација).

Б) Закони во кои има дефиниција на дискриминација и се дадени основи за дискриминација.

Во значаен број закони е спомната дискриминацијата (во вид на забрана на дискриминација и дадени се дел од основите за дискриминација (Закон за волонтерство, Закон за агенции за привремено вработување, Закон за основното образование, Закон за средното образование, Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Закон за извршување на санкциите, Закон за судовите, Закон за јавното обвинителство, Закон за царинска управа, Закон за вработување и работа на странци, Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, Закон за здравствената заштита).

Во овие закони одредбите кои се однесуваат на дискриминацијата не се развиваат или специфицираат понатаму и не се ставени во контекст на конкретната област. Недискриминациските одредби најчесто се дел од начелата или целите, меѓутоа, останува потполно нејасно како тие понатаму учествуваат во спроведувањето на законите и какво е нивното влијание врз остварувањето на правата на граѓаните.

В) Закони во кои има одредби кои можат да се перципираат како недискриминациски.

Во голем дел од законите има инцидентни одредби кои се однесуваат на некоја основа на дискриминација, специфична област на дискриминација или, пак, барање за еднаквост.

На пример:

- Во Законот за високото образование во основните начела се спомнува почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација, а во целите на високото образование: почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и недискриминација.
- Во Законот за студентски стандард, се истакнува дека секој под еднакви услови има право да престојува во студентски дом.
- Во Законот за семејство, се утврдува дека родителите имаат еднакви права и должности, а на дете – жртва на трговија со луѓе и на семејството се дава помош без оглед на вера, раса, пол, национална припадност или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија, психички или физички способности, сексуална ориентација, возраст и друго.

- Целта на Законот за бесплатна правна помош „... е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните и другите лица определени со овој закон до институциите на системот, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата“.
- Во Законот за медиумите се забранува поттикнување или ширење на дискриминација.
- Во Законот за политичките партии се забранува секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во политичка партија.

Во дел од законите се спомнува само правичната застапеност (Закон за педагошката служба, Закон за извршување на санкциите, Законот за надворешни работи, Законот за вработените во јавниот сектор, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Закон за безбедност и здравје при работа, Закон за стручно образование, Закон за просветната инспекција, Закон за државното правобранителство). Правичната застапеност вообичаено е поврзана со организацијата на одредена институција,

Во дел од законите има одредби во кои се спомнува полот како можна основа на дискриминација, односно ставен е во контекст на постигнување еднаквост:

- Закон за научно-истражувачка дејност (една од целите на законот е постигнување еднаквост на жените);
- Закон за внатрешни работи (при вработување во Министерството се почитува принципот на еднаквост на половите);
- Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (агенцијата во остварување на програмите придонесува за еднаквост на половите);
- Закон за полиција (при вработувањето во Полиција да се почитува принципот на еднаквост на половите);
- Закон за служба во Армијата на Република Македонија (при вработувањето треба да се почитува принципот на еднаквост на половите);
- Закон за политички партии (политичките партии во своето дејствување се грижат за остварување на принципот на еднаквост на половите во достапноста на функциите во политичката партија).

Потребата од соодветно приспособување (на просторот или на начинот на работење) со цел адресирање на можната дискриминација на луѓето попреченост се спомнува единствено во: Законот за вработување инвалидни лица.

Г) Закони во кои би требало да има, а нема одредби кои се однесуваат на заштитата од дискриминација.

Според авторот, нема закон во кој на овој или оној начин не треба да е содржана антидискриминациска одредба или барем повикување на Законот за спречување и заштита од дискриминација кој би требало да биде земен предвид во евентуалните случаи на дискриминација.

Меѓутоа, во актуелниот момент постојат низа од закони кои на никаков начин не референтираат кон дискриминацијата или постигнувањето на еднаквоста и покрај тоа што по суштината на содржината којашто ја третираат би требало да имаат вакви одредби (Закон за спортот, Закон за бесплатна правна помош, Закон за вештачење, Закон за

адвокатурата, Закон за државен пазарен инспекторат, Закон за административни службеници, Закон за здруженија и фондации, Закон за инспекција на трудот, Закон за минимална плата, Закон за бирото за развој на образованието, Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење, Закон за државна статистика, Закон за одбрана, Закон за референдум, Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета, Закон за комуналните дејности, Закон за јавните собири).

Д) Процесни закони во кои би требало да има одредби поврзани со административната и судската заштита од дискриминација.

Ниту еден од процесните закони не е хармонизиран со Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година. Процесните закони не содржат ниту генерални одредби кои се однесуваат на заштитата од дискриминација (ниту во делот кој се занимава со начелата и основите ниту, пак, во делот кој идентификува специфични процедури поврзани со одделни повреди на правата и слободите), ниту, пак, посебни објаснувања за спецификите на постапките поврзани со заштитата од дискриминација (учесници во постапките во согласност со ЗСЗД, улогата на Комисијата за заштита од дискриминација, префрлањето на товарот на докажување во дел од постапките).

Дел од законите кои ги регулираат процедурите на судската заштита се идентификуваат во Законот за спречување и заштита од дискриминација и/или во други закони како релевантни закони во заштитата од дискриминација, меѓутоа, во ниту еден од овие закони (кои се спомнати во ЗСЗД) не е предвидена посебна постапка која би се применувала во случаите на дискриминација, ниту, пак, се издвоени специфични постапувања, мерки и процедури поврзани со оваа заштита.

На пример, и покрај тоа што Законот за парнична постапка е посочен во Законот за спречување и заштита од дискриминација како процесен закон врз основа на кој се водат постапките за заштита од дискриминација, во него нема ниту една одредба со која се спомнува дискриминацијата и со која се идентификуваат спецификите на оваа постапка. Во членот 208 од Законот се истакнува дека „Ако судот не може врз основа на изведените докази (член 8) со сигурност да утврди некој факт, за постоењето на фактот ќе заклучи со примена на правилата за товарот на докажувањето“, меѓутоа, никаде не се спомнува промената на товарот на докажување карактеристична за случаите на дискриминација.

## 3. Нови предизвици

Независно од тоа кој модел на хармонизација ќе биде применет во однос на Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, во Законот се предвидени неколку новини кои мора да се рефлектираат во законите и во подзаконската регулатива која се однесува на заштитата од дискриминација и промоцијата на еднаквоста.

Во членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација експлицитно се предвидува дека „Субјектите од став (2) на овој член, имаат обврска да преземаат мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација“, додека во членот 51 е дадено недвосмислено упатство дека „Законите коишто содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација ќе треба да се усогласат со Законот за спречување и заштита од дискриминација во рок

од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон“. Вака формулирана преодната одредба може да биде протолкувана на начин кој ги обврзува на хармонизација само оние закони во кои веќе се содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација, а не и закони во кои не се содржани вакви одредби. Овој проблем мора да биде адресиран пред да се пристапи кон хармонизација на легислативата со цел избегнување на опструкции кои може да го искористат.

### 3.1. Новини кои мораат да бидат аплицирани на генерално ниво

Од терминолошки аспект сите закони во кои се употребува кој било од термините кои се објаснети или употребени во Законот за спречување и заштита од дискриминација ќе треба да бидат соодветно приспособени.

На пример, терминот попреченост треба да ги замени различните термини кои се употребуваат во различни закони (инвалидност, инвалид, хендикеп, пречки во развојот, ...). Слично е и со терминот „соодветно приспособување“ во Законот за спречување и заштита од дискриминација дефинирано како: „неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите“. Во актуелната легислатива се спомнува адаптација, приспособување, и слично.

Во секој од законите во кои ќе бидат дадени основите за дискриминација, треба да биде внесена комплетната листа на основи (меѓу кои се и родовиот идентитет, сексуалната ориентација, политичкото уверување, лично својство). Законодавецот не смее да манипулира со бројот на основи на дискриминација кои ќе бидат спомнати во различни закони.

Во законите во кои постои дефиниција на дискриминација, таа треба да биде надополнета/променета во согласност со новите елементи дадени во Законот за спречување и заштита од дискриминација. Во ваков случај пожелно е да се аплицира целосниот текст на членот, наместо негово парафразирање или некоја скратена форма, која кај оние кои треба да го применуваат може да создаде погрешен впечаток на обемот и содржината на забраната.

Суштински елемент на хармонизацијата на законодавството е нејзината практична употребливост. Во оваа смисла, паралелно со промените кои ќе се прават во самите закони, потребно е градење на мрежа од подзаконски акти во функција на натамошна разработка на општите и специфичните заштитни механизми и процедури, како и изработка на едукативен и помошен материјал (водичи, насоки, упатства) поврзани со конкретни области и/или со специфични правни прашања.

Овие материјали би требало да ја зголемат достапноста на антидискриминациското законодавство, да помогнат во градењето на систем за промоција на еднаквоста и да ја олеснат достапноста до заштитните механизми кои им стојат на располагање на граѓаните.

Институциите мора да бидат задолжени (во рамките на специфичните закони), да изработат ваков вид материјали, да ги направат достапни за најширокиот број граѓани и

да пристапат кон изработка на специфични планови и процедури за промоција и обезбедување на еднаквоста на ниво на внатрешна организација на институциите и во секој сегмент на давање услуги на граѓаните.

### 3.2. Промени поврзани со новата поставеност на Комисијата за заштита од дискриминација

Новите надлежности на Комисијата за заштита од дискриминација, подразбираат промени во одделни закони, со цел создавање услови за нивно ефектуирање.

Секоја од надлежностите на Комисијата мора да добие процедурален опфат во законите кои се однесуваат на релевантната област на дејствување.

На пример, новата надлежност на Комисијата да „придонесува при подготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование" подразбира промени во Законот за основно образование, Законот за средно образование, Законот за стручно образование и Законот за Бирото за развој на образованието и Законот за учебници во основното и средното образование, со кои ќе се овозможи влијанието на Комисијата во изработката на програмите и учебниците.

Новата надлежност „да се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или за пристапување кон истите и го следи нивното спроведување", може да подразбира промени во Законот за надворешни работи и Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори, со што ќе се создаде простор за учество и влијание на Комисијата во постапката за иницирање и склучување на меѓународните договори од релевантната област, како и за следење на нивната имплементација.

Која било процедура за заштита од дискриминација која би била предвидена во законите мора да ја инволвира и постапката пред Комисијата за заштита од дискриминација.

Комисијата и нејзината улога треба да најдат место и во Законот за парнична постапка (што може да влијае врз одредувањето на месната надлежност на судот, трошоците на постапката, известувањето на трети лица ...).

### 3.3. Промени поврзани со постапките за заштита од дискриминација

Во процесните закони кои се идентификувани како закони кои ја регулираат постапката за заштита од дискриминација, мора да се внесат соодветни промени кои произлегуваат од Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година.

Треба да биде отворена стручна, но и поширока расправа за можните промени во процесните закони кои би обезбедиле примена на спецификите на постапката за заштита од дискриминација и употребата на посебните докази предвидени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Препорачливо е делови од Законот за спречување и заштита од дискриминација да бидат соодветно аплицирани во соодветните процесни закони со цел полесно препознавање од

страна на правораздавачите и нивна секојдневна употреба во рамките на релевантните постапки.

Во Законот за парнична постапка (како закон на кој се повикува Законот за спречување и заштита од дискриминација во областа на судската заштита) треба да бидат препознаени споровите за заштита од дискриминација како посебен вид спорови (најдобро е структуирање на посебна глава во рамките на Законот која би се однесувала на специфичната постапка поврзана со заштитата од дискриминација), да биде идентификувано префрлањето на товарот на докажување и да биде соодветно регулирано ослободувањето од некои од судските такси и трошоци во согласност со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во Законот за парнична постапка и во Законот за кривична постапка треба да се вметне обврската за прифаќање на тестирањето ситуација и на статистичките податоци како докази во случаи на дискриминација, како и зголемениот број на можни учесници во постапките (новиот пристап кон активната легитимација во случаи на дискриминација).

Посебни промени треба да се внесат во Законот за прекршоците[40], во кој треба да бидат препознаени одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација. Повикувањето, поттикнувањето и инструкцијата за дискриминација, вознемирувањето, виктимизацијата и сегрегацијата, треба да најдат место во Законот за прекршоци (со цел надополнување на членот 15 од овој Закон според кој „Нема одговорност за поттикнување и помагање на прекршок, освен во случаите определени со закон“.). Еден од начините на кој може да се обезбеди соодветна примена на прекршочните одредби во заштитата од дискриминација е и структуирањето на посебен дел од овој Закон кој би се однесувал на дискриминацијата и во кој би биле опфатени спецификите карактеристични за санкционирањето на актите на дискриминација.

Посебно внимание треба да се посвети на потешки облици на дискриминација (членот 13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација), а во врска со општите правила за одмерување на прекршочната казна (членот 16 од Законот за прекршоци). Промените во Законот за прекршоците треба да обезбедат заштитата од дискриминација да биде ефикасна (секој случај на дискриминација да биде соодветно санкциониран со посебен акцент на можноста оштетениот реално да го оствари своето право или ситуацијата да биде вратена во состојбата пред направениот прекршок), да биде пропорционална (санкцијата да соодветствува на сторената дискриминација) и одвраќачка (да се превенираат идентични постапки во иднина).

Ова е посебно важно ако се имаат предвид последните промени кои се внесени во прекршочната легислатива со кои битно се намалени глобите и е предвидена промена во процедурите поврзани со прекршоците. Во Законот за прекршоци се спомнуваат исклучоци во однос на висината на казните во кои не е вброен и Законот за спречување и заштита од дискриминација што отвора колизија меѓу овие два закона. Во самиот закон е пожелно внесувањето на посебна глава која би се однесувала токму на заштитата од дискриминација и постапките поврзани со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

[40] Донесен на седница на Собранието на Република Северна Македонија од 25.2.2019.

Промени треба да бидат внесени и во Законот за општата управна постапка во одредбите кои се применуваат во Законот за прекршоците во водењето на прекршочната постапка од страна на прекршочниот орган. Внесувањето на промени кои ќе упатуваат на Законот за спречување и заштита од дискриминација во Законот за општа управна постапка е исклучително значајно и од аспект на постапувањето во врска со процесирањето на управните акти во кои може да има дискриминациски одредби, односно да бидат извор на дискриминација.

Како своевидно ограничување кое произлегува од самиот ЗСЗД може да се перципира членот 45 со кој се идентификува прекршочниот орган кој е надлежен да ги води прекршочните постапки предвидени во ЗСЗД. Како таков се одредува „... органот на државната управа надлежен за работите од областа на трудот...“. Ваквото ограничување може да создаде проблеми во водењето на прекршочните постапки и во одредувањето на надлежноста на релевантниот прекршочен орган.

Прекршочниот орган може да се појави како проблематичен во водењето на постапката кога станува збор за заштита од дискриминација. Имено, прекршочниот орган кој треба да постапува во случаи на дискриминација е составен дел од институцијата која треба да докаже дека не е направена дискриминација. Префрлањето на товарот на докажување е контрадикторно со начинот на функционирање на прекршочните органи и може директно да влијае врз ефективноста и ефикасноста на заштитата. Ова е прашање кое бара посебен пристап и изнаоѓање креативни решенија со кои граѓаните ќе ја добијат потребната заштита.

Промените во процесните закони треба да бидат проследени со специфицирана обука на актуелните и идните судии и јавни обвинители во рамките на формалната и неформалната обука.

### 3.4. Закони во кои мораат да се внесат антидискриминациски одредби

Независно од ограничувањата кои можат да произлезат од членот 51, а во рамките на методологијата за хармонизација која ќе биде избрана, потребно е да се направат промени и во низа закони кои претходно не содржеле никакви антидискриминациски одредби, односно не содржеле специфични одредби со кои би се овозможиле постапки во случај на дискриминација.

Меѓу овие закони посебно се издвојуваат:

- Закон за спортот (во кој е неопходно внесување на одредби кои се однесуваат на дискриминацијата, вознемирувањето и инструкциите за дискриминација поврзани со говорот на омраза);
- Закон за бесплатна правна помош (во кој мора да се внесат одредби кои ќе предвидат посебна постапка за давање бесплатна правна помош во случаи на дискриминација);
- Закон за здруженија и фондации (во кој мора да бидат содржани одредби не само ориентирани кон заштита од дискриминација туку и промоција на одредби поврзани со еднаквоста и почитувањето на различностите, како и одредби со кои

ќе се ограничи регистрацијата на здруженија кои на каков било начи може да промовираат или поддржуваат дискриминација);

- Закон за бирото за развој на образованието (во кој мора да се предвидат активности поврзани со внесувањето на недискриминацијата и промоцијата на еднаквоста во образовно-воспитните програми);
- Закон за државна статистика (во кој мора да се обезбедат одредби со кои ќе се овозможи собирање на статистички десегрегирани податоци и ќе се предвидат процедури за добивање/достапност на соодветни статистички податоци кои можат да бидат употребени во судските постапки за заштита од дискриминација);
- Закон за референдум (во кој ќе биде предвидена експлицитна забрана за поставување дискриминациски прашања по која било од основите дадени во Законот за спречување и заштита од дискриминација);
- Закон за јавните собири (во кој ќе бидат дадени насоки за справување со дискриминациски ориентирани собири, или кои поттикнуваат на дискриминација, справување со забрана на собири врз која било од основите за дискриминација, и ќе биде формулирана експлицитна забрана за изедначување на овие собири со сите други под формулација за слобода на мислењето и изразувањето).

## 4. Заклучоци и препораки

### *4.1. Генерални заклучоци*

Законот за спречување и заштита од дискриминација донесен во 2010 година не резултираше во хармонизација на законодавството со одредбите на овој Закон.

Во ниту еден закон не се спомнува Законот за спречување и заштита од дискриминација, законите не се повикуваат на одредбите на овој Закон (нема повикувачки членови кои би упатиле на користење на одредбите на ЗСЗД) и не ги спомнуваат постапките за заштита од дискриминација кои се дефинираат во ЗСЗД.

Дефинирањето на дискриминацијата, идентификувањето на можните основи на дискриминација, воспоставувањето на процедури за заштита од дискриминација и промовирањето на еднаквоста, се произволни, несистематски, некомплементарни и неконзистентни (како во самите закони така и во областите кои се третираат во рамките на различни закони).

Во актуелниот момент во законската регулатива постои огромна шареноликост на дефиниции, основи и процедури. Има закони во кои постојат повеќе одредби кои се однесуваат на дискриминацијата и еднаквоста, закони кои третираат еден или два елемента поврзани со дискриминацијата и еднаквоста и закони во кои воопшто не се спомнува ниту дискриминација ниту промоција на еднаквоста.

Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, нуди нови решенија, проширена листа на основи на дискриминација, дефиниции и термини усогласени со европските стандарди и засилена поставеност на Комисијата за заштита од дискриминација (како во однос на надлежностите така и во однос на организациската поставеност). Во самиот Закон е дадена обврска за хармонизација на другите закони со ЗСЗД.

ЗСЗД од 2019 година, внесува суштинска новина со проширувањето на опфатот на законот на промоцијата на еднаквоста. Тоа подразбира проактивна улога на државата во создавањето услови за еднаков третман и еднакво остварување на правата од страна на секој поединец, што од аспект на хармонизацијата значи многу широк опфат на одредби со кои не само што ќе се штити од дискриминација туку ќе се обезбедува еднаквост.

*4.2. Генерални препораки*

Пред да се пристапи кон процесот на хармонизација треба да се избере единствен или комбиниран модел на хармонизација кој ќе се примени на ниво на генерален принцип. Може да се прифати максималистички модел на сеопфатен третман на дискриминацијата во секој посебен закон, оптимален модел кој подразбира повикување на општите одредби во Законот за спречување и заштита од дискриминација и специфицирање на посебни елементи поврзани со конкретната област, или, минималистички модел кој ќе се состои единствено во повикување на ЗСЗД и минимални интервенции поврзани со конкретната област. Можна е примена и на комбиниран модел (максималистички пристап во системските и оптимален во другите закони).

Кој било од можните модели да биде избран во материјалните и во процесните закони мора да се воспостави принцип на повикување на ЗСЗД (повикувачка одредба) со што ќе се обезбеди изедначеност на дефинициите на основите, на термините кои се употребуваат, категориите поврзани со заштитата од дискриминација и ќе се обезбеди место за остварување на предвидените надлежности на Комисијата за заштита од дискриминација.

Терминолошкото изедначување е од исклучителна важност како во материјалните така и во процесните закони и претставува прв чекор во обезбедување комплементарност на законските решенија и изедначување на одлуките кои се носат во врска со конкретни случаи на дискриминација.

Вметнувањето на дискриминацијата во кој било од законите треба да биде проследено со дефиниција на дискриминација или со повикување на дефиницијата дадена во ЗСЗД.

Посебно внимание треба да се посвети на промените кои треба да бидат направени во процесните закони. Овие промени треба да обезбедат препознавање на дискриминацијата од страна на праворaздавачите, препознавање на спецификите на постапките поврзани со дискриминацијата (како од аспект на доказите, товарот на докажување, можноста за поголем број субјекти со активна легитимација, така и од аспект на трошоците на постапките и внесувањето на сосема нови методи на процесно постапување), и внесување на практиката на употреба на Законот за спречување и заштита од дискриминација заедно со релевантниот закон или законите поврзани со конкретната област која се третира во постапката.

Потребно е развивање на подзаконска регулатива која ќе обезбеди специфицирање на промоцијата на еднаквост и на заштитата од дискриминација без да се преоптоварат законите и да се влезе во стапицата на пренормирање.

Разработката во подзаконската регулатива не исклучува туку подразбира изработка на помошни материјали кои треба да служат како водичи и/или листи за проверка во примената на законите.

**Користена литература**

Анализа на механизмите за спречување и заштита од дискриминација, (2013), Македонско здружение на млади правници, Скопје

Цаца Николовска, М., Коцо, В., Филипов, С., (2014), Анализа на недостатоците во Законот за спречување и заштита од дискриминација, Институт за човекови права, Скопје

Котевска, Б., (2016), Анализа на хармонизираноста на домашното законодавство за еднаквоста и недискриминацијата, ОБСЕ, Скопје

Ристеска, М., Мицкова-Ралева, А., …, (2012), Извештај во сенка за антидискриминација, ЦРПМ, Скопје

(2017), Забелешки на Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација, Хелсиншки комитет за човекови права, Скопје

Чубриќ, С., (2016), Користење на *actio popularis* во случаи на дискриминација, ОБСЕ, Скопје

Хаџиќ-Рахиќ, Д., (2011), Еднакви можности и (не)дискриминација во изборните програми, МЦМС, Скопје

Најчевска, М., Имери, Љ., (2012), Извештај во сенка за Комисија во сенка, ФИООМ, Скопје

(2015), Годишен извештај на Мрежата за заштита од дискриминација (http://coalition.org.mk/godisen-izvestaj-na-mrezata-za-zastita-od-diskriminacija/)

Прилог 1

Листа на најрелевантни анализирани закони

| | |
|---|---|
| **Закони по области** | |
| **Устав на Република Северна Македонија** | |
| Член 9<br>„Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.“ | Донесен<br>52/1991<br>Последна промена<br>6/2019 |
| **Работа и работни односи** | |
| 1. Закон за работните односи<br>Основи на дискриминација (член 6).<br>Дефиниции на директна и индиректна дискриминација (член 7)<br>Вознемирување (член 9).<br>Области на делување (член 7).<br>Исклучоци од дискриминација (член 8).<br>Заштитата од дискриминација заради бременост и раѓање (член 9-б).<br>Надоместокот на штетата од дискриминација поврзан со Законот за облигациони односи (член 10).<br>Промена на товарот на докажување во случај на дискриминација (член 11.)<br>Еднакви права за лицата со инвалидност (член 17).<br>Полова еднаквост при објавување на слободни работни места (член 24). | Донесен<br>62/2005<br>Последна промена<br>120/2018 |
| 2. Закон за заштита од вознемирување на работно место<br>Во актуелниот закон вознемирувањето не е ставено во врска со дискриминацијата и дискриминациските основи и не се поврзува со група туку, единствено, со индивидуа. | Донесен<br>79/2013<br>Последна промена<br>147/2015 |
| 3. Закон за волонтерството<br>Забрана за нееднакво постапување и основи на дискриминација (член 9). | Донесен<br>85/20017<br>Последна промена<br>147/2015 |
| 4. Закон за агенциите за привремени вработувања<br>Забрана на дискриминација (член 3-б). | Донесен<br>49/2006<br>Последна промена<br>27/2016 |
| 5. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност<br>Основи за дискриминација неусогласени со новиот закон (член 1-а.) | Донесен<br>37/1997 |

| | |
|---|---|
| Право на надомест на штета во случај на дискриминација (член 1-в).<br>Промена на товарот на докажување (член 1-в).<br>„Јавните работи се распишуваат јавно и под еднакви услови се достапни за сите невработени“ (член 84). | Последна промена 2017 (консолидиран текст) |
| 6. Закон за вработување на инвалидни лица<br>Дефиниција на инвалидно лице (член 2).<br>„При вработување на инвалидно лице, работодавецот е должен да создаде соодветни услови за работење и адаптација на работното место во зависност од работното место, видот и степенот на образованието и видот и степенот на инвалидноста на инвалидното лице кое се вработува“ (член 5). | Донесен 44/2000<br><br>Последна промена 99/2018 |
| 7. Закон за вработување и работа на странци<br>„При вработување на странец, работодавачот не смее барателот на вработувањето да го стави во нееднаква положба заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидноста, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности. Забраната на директна или индиректна дискриминација во овие случаи се однесува на дискриминација на кандидатот за вработување и работникот, согласно со Законот за работните односи.“ (член 4) | Донесен 70/2007<br>Последна промена 217.2015 |
| 8. Закон за безбедност и здравје при работа<br>Член 44<br>(2) „При именувањето на членовите на Советот треба да се има предвид начелото за правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија, не нарушувајќи го принципот на стручност и компетентност.“ | Донесен 92 / 2007<br>Последна промена 231/2018 |
| 9. Закон за инспекција на трудот<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 35 / 1997<br>Последна промена 21/2018 |
| 10. Закон за минимална плата<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 11 / 2012<br>Последна промена 140/2018 |
| **Образование, наука и спорт** | |
| 11. Закон за високообразовните установи на верските заедници<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 81/2008 |

| | |
|---|---|
| | Последна промена 81/2008 |
| 12. Закон за основното образование<br>„Се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожата, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварување на правата од основното воспитание и образование, утврдени со овој закон.“ (член 2) | Донесен 103/2008<br>Последна промена 64/2018 |
| 13. Закон за средното образование<br>„Не се дозволени дискриминации засновани на пол, раса, боја на кожата, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотната и општествената положба.“ (член 3) | Донесен 44/1995<br>Последна промена 64/2018 |
| 14. Закон за бирото за развој на образованието<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 37 / 2006<br>Последна промена 64/2018 |
| 15. Закон за високото образование<br>Основни начела: Почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација (член 3).<br>Цели на високото образование: почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и недискриминација (член 4).<br>Достапност – сите имаат достап до високото образование под еднакви услови (член 6).<br>Права и обврски на студентот: запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, статут и студиска програма“ (член 27).<br>„При изборот на членовите на Националниот совет за високото образование, Одборот за акредитација на високото образование и Одборот за евалуација на високото образование се применува принципот на соодветна и правична застапеност“ (член 40).<br>„Донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост“ (член 94).<br>Запишување студенти - „Универзитетот, односно самостојната висока стручна школа ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за запишување на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.“ (член 149) | Донесен 82/2018<br>Последна промена 82/2018 |
| 16. Закон за учебници за основно и средно образование<br>„При именувањето на членовите на Националната комисија се применува начелото | Донесен 98/2008<br>Последна промена |

| | |
|---|---|
| на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во основното и средното образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.“ (член 7) | 21/2018 |
| 17. Закон за студентски стандард<br>Секој под еднакви услови има право да престојува во студентски дом (член 4). | Донесен<br>15/2013<br>Последна промена<br>20/2019 |
| 18. Закон за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност<br>„Агенцијата во остварување на програмите придонесува за еднаквост на половите.“ (член 4)<br>„Со програмата се придонесува во борбата против дискриминацијата. Програмата од ставот 1 на овој член придонесува и кон развојот на политиките на Европската унија, особено во областа на културната, мултикултурната и лингвистичката разновидност во Европа, унапредувањето на социјалната кохезија и борбата против сите видови дискриминација што се засноваат врз половата или расната припадност, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичко и верско уверување, инвалидитетот, возраста или сексуалната ориентација, имотната и општествената положба, како и во поглед на одржливиот развој.“ (член 8).<br>„При именување на Управниот одбор се води сметка за правична и соодветна застапеност на сите заедници на Република Македонија не нарушувајќи го принципот на стручност и компетентност.“ (член 12). | Донесен<br>113/2007<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 19. Закон за стручно образование<br>„При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.“ (член 9).<br>„При именувањето на членовите на Управниот одбор се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во средното образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.“ (член 34). | Донесен<br>71 / 2006<br>Последна промена<br><br>64/2018 |
| 20. Закон за образование на возрасните<br>„При именувањето на членовите на Советот се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги предвид јазиците на кои се изведува наставата во установите за образование, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон. (член 9).<br>„При именувањето на членовите на Управниот одбор се применува начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците во Република Македонија, имајќи ги | Донесен<br>7/2008<br>Последна промена<br>64/2018 |

| | |
|---|---|
| предвид јазиците на кои се изведува наставата во основното и средното образование,<br>без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон.“ (член 38) | |
| 21. Закон за педагошката служба<br>„При вработувањето на државните службеници од ставот (1) на овој член, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, без да се нарушат критериумите пропишани со овој закон. (член 7)<br>Директорот на Педагошката служба формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс, применувајќи го начелото на соодветна и правична застапеност на заедниците“ (член 11). | Донесен<br>18/2011<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 22. Закон за научно-истражувачката дејност<br>Начело на еднаквост на можностите (член 3).<br>Цели на законот - еднаквост на жените во науката (член 4). | Донесен<br>46/2008<br>Последна промена<br>53/2016 |
| 23. Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>36/2011<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 24. Закон за признавање на професионалните квалификации<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br><br>171/2010<br>Последна промена<br>171/2010 |
| 25. Закон за просветната инспекција<br>„Во актот за систематизација на работните места на Државниот просветен инспекторат, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓани кои припаѓаат на сите заедници согласно со условите пропишани со овој закон.“ (член 4) | Донесен<br>52 / 2005<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 26. Закон за спортот<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>29/2002<br>Последна промена<br>190/2016 |
| 27. Закон за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари<br>„Под насилство и недостојно однесување на спортските натпревари се смета:<br>внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст,<br>слика, знак или други обележја, како и пеење на песни или дофрлување на пораки коипредизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна,<br>национална и верска припадност или врз основа на други особини.“ (член 3) | Донесен<br>89/2004<br>Последна промена<br>154/2015 |

| | |
|---|---|
| „Организаторот на спортскиот натпревар е должен да обезбеди доволен број редари заради:<br>предупредување, односно оддалечување на гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлување на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност.“ (член 7) | |
| 28. Закон за ученички стандард<br>„Секој редовен ученик, под еднакви услови утврдени со овој закон, има право да престојува во ученички дом.“ (член 3)<br><br>„При изборот на воспитувачи, стручни соработници и друг ненаставен кадар во државните и општинските ученички домови, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.“ (член 34) | Донесен<br>52/2005<br>Последна промена<br>20/2019 |
| 29. Закон за иновациска дејност<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>79 / 2013<br>Последна промена<br>64/2018 |
| **Социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита** | |
| 30. Закон за социјалната заштита<br><br>„Инвалидно лице, во смисла на овој закон, се смета лице со ментална или телесна попреченост.“ (член 17).<br>„Се забранува директна или индиректна дискриминација врз основа на пол, раса, боја на кожата, национална, етничка, социјална, политичка, верска, културна, јазична, имотна и општествена припадност, онеспособеноста и потекло во остарување на правата од социјалната заштита утврдени со овој закон. Забраната од ставот 1 на овој член се однесува на јавни установи за социјална заштита основани од Владата, од општина, градот Скопје и општините во градот Скопје, на приватни установи за социјална заштита основани од правно или физичко лице и на здружение и физичко лице кои вршат работи од областа на социјалната заштита утврдени со овој Закон.“ (член 20).<br><br>Директна и индиректна дискриминација (член 21).<br>„Во случаите на дискриминација од членовите 20 и 21 на овој закон барателот или | Донесен<br>79/2009<br>Последна промена<br>51/2018 |

| | |
|---|---|
| корисникот на социјална заштита има право да бара заштита од надлежен орган. Има право да бара оштета.“ (член 22)<br>„Во јавната установа за социјална заштита, при вработувањето се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија, односно во единиците на локалната самоуправа, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.“ (член 110-е)<br>Прекршочна казна за нееднакво постапување (член 254). | |
| 31. Закон за семејството<br>„Родителите имаат еднакви права и должности“ (член 8).<br>„Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво“ (член 45).<br>„Помошта на дете – жртва на трговија со луѓе и на семејството се дава без оглед на вера, раса, пол, национална припадност или социјално потекло, генетски карактеристики, јазик, религија, психички или физички способности, сексуална ориентација, возраст и друго.“ (член 177-л) | Донесен<br>80/1992<br>Последна промена<br>122/2018 |
| 32. Закон за меѓународна и привремена заштита<br>„Законот се донесува на давање заштита на лица кои меѓу другото се прогонети заради одредени дискриминаторски основи, меѓутоа, не содржи одредби кои би ја регулирале или забраниле евентуалната дискриминација во самата постапка на пружање заштита.“ | Донесен<br>64/2018 |
| 33. Закон за употреба на знаковниот јазик<br><br>„Знаковниот јазик согласно со овој закон, се признава како потполно природен начин на комуникација еднаков со говорната комуникација.“ (член 2) | Донесен<br>105 / 2009<br>Последна промена<br>19.2.2016 |
| 34. Закон за инвалидски организации<br><br>Содржина на Законот<br>...<br>„Одредбите на овој закон, кои се однесуваат на физички лица, важат подеднакво и за жени и за мажи.“ (член 1)<br>Цели<br>...<br>недискриминација на лицата со инвалидност (член 8).<br><br>„Инвалидските организации учествуваат при оформувањето на националната политика која се однесува на инвалидската заштита и во мерките за обезбедување на еднакви можности и еднакви права на лицата со инвалидност“ (член 4). | Донесен<br>89 / 2008<br>Последна промена<br>27/2016 |

| | |
|---|---|
| Улога на националните инвалидски организации<br>„Инвалидска организација може да се стекне со статус на национална инвалидска организација ако работи на територијата на Република Македонија, како и на<br>меѓународен план и да ги претставува лицата со определен вид на инвалидност без разлика на нивната верска, национална и расна припадност.“ (член 17). | |
| 35. Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување<br><br>Нема одредби кои се однесуваат на заштита од дискриминација. | Донесен<br>142/08<br>Последна промена<br>247/18 |
| 36. Закон за пензиското и инвалидското осигурување<br>Нема одредби кои се однесуваат на заштита од дискриминација, меѓутоа, има одредби кои се дискриминациски, а со кои се прави разлика меѓу жените и мажите. | Донесен<br>98/2012<br>Последна промена<br>245/2018 |
| 37. Закон за доброволно капитално финансирано пензинско осигурување<br>„Во доброволното капитално финансирано пензиско осигурување е забранета секаква<br>дискриминација на членовите и пензионираните членови по пол, раса, боја на кожа,<br>јазик, вера и религија, политичка или друга определба, национално или социјално<br>потекло, припадност на национално или етничко малцинство, или врз основа на имот,<br>семејство, здравствена состојба и возраст.“ (член 3). | Донесен<br>7/2008<br>Последна промена<br>2016 |
| 38. Закон за задолжително капитално осигурување<br>Нема одредби кои се однесуваат на заштита од дискриминација. | Донесен<br>29 / 2002<br>Последна промена<br>245/2018 |
| 39. Закон за посебните права на припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства<br>„Државните органи, единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и<br>јавните установи се должни при вработување под еднакви услови да дадат предност<br>на невработен припадник на безбедносните сили.“ (член 10) | Донесен<br>2/2002<br>Последна промена<br>мај 2007 |
| 40. Закон за здравствената заштита<br><br><br>Човекови права и вредности во здравствената заштита<br>„Секој граѓанин има право да ја остварува здравствената заштита со почитување на највисокиот можен стандард на човековите права и вредности, односно има право на физички и психички интегритет и на безбедност на неговата личност, како и на почитување на неговите морални, културни, религиозни и | Донесен<br>43 / 2012<br>Последна промена<br>20/2019 |

| | |
|---|---|
| философски убедувања.“ (член 4)<br><br>Начело на правичност<br>„Начелото на правичност на здравствената заштита се остварува со забрана на дискриминација при укажувањето на здравствената заштита по однос на раса, пол, старост, национална припадност, социјално потекло, вероисповед, политичко или друго убедување, имотна состојба, култура, јазик, вид на болест, психички или телесен инвалидитет.“ (член 9)<br><br>Начело на сеопфатност<br>„Начелото на сеопфатност на здравствената заштита се обезбедува со вклучување на секој поединец во системот на здравствената заштита, со примена на мерки и активности за здравствена заштита кои опфаќаат промоција на здравјето, превенција на болести на сите нивоа на здравствена заштита, рана дијагноза, лекување и рехабилитација“ (член 10). | |
| 41. Закон за здравственото осигурување<br>„Задолжително здравствено осигурување се установува за сите граѓани на Република<br><br>Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со овој закон.“ (член 2)<br><br>„При формирање на комисиите да се обезбеди и почитува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.“ (член 9-а).<br><br>„За членови на Управниот одбор се предлагаат лица кои имаат високо образование и работно искуство од финансиското работење или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување, при што да се води сметка за соодветната и правичната застапеност на граѓаните на сите заедници“ (член 55). | Донесен<br>25/2000<br>Последна промена<br>171/2017 |
| 42. Закон за доброволно здравствено осигурување<br>„Друштвото за осигурување согласно со Условите за осигурување и Тарифите на премии за доброволното здравствено осигурување е должно да:<br>– склучи договор за осигурување со секој осигуреник од членот 10 став 1 од овој закон кои сакаат да се осигураат за правата на дополнителното здравствено осигурување и<br>– ги осигури осигурениците со еднакви права и обврски од дополнителното здравствено осигурување.“ (член 11)<br><br>„Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на | Донесен<br>145/2012<br>Последна промена<br>192/2015 |

| | |
|---|---|
| друштвото за осигурување, ако:<br>не ги осигури сите осигуреници со еднакви права и обврски од доброволното<br>здравствено осигурување“ (член 16). | |
| 43. Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување<br>Нема одредби поврзани со дискриминација. | Донесен<br>372008<br>Последна промена<br>37/2016 |
| 44. Закон за јавно здравје<br>„Институтот и центрите вршењето на работите од членовите 10 и 11 на овој закон го<br>засноваат врз принципите на:<br>преземање на интервенции кои нема да ги дискриминираат поединците по основ на раса, пол или различно национално и социјално потекло или имотна положба, верско уверување, пол, сексуална ориентација или статус на лице со посебни потреби.“ (член 16)<br><br>„При именувањето на членовите на Националниот совет треба да се има предвид начелото за правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија.“ (член 17) | Донесен<br>22/2010<br>Последна промена<br>37/2016 |
| 45. Закон за ментално здравје<br>„„Дискриминација“ е какво било изолирање, исклучување, оддалечување или друг третман што има ефект на повреда или прекршување на еднаквоста во уживањето на правата, освен во случаите уредени со овој закон.“ (член 4)<br><br>„Лицето со ментална болест има право на заштита од каков било облик на малтретирање, понижување и злоупување и не смее да биде дискриминирано поради состојбата со неговото ментално здравје.“ (7)<br><br>„Лицето со ментална болест има право на ист третман во грижата, лекувањето и рехабилитацијата, како и лицата болни од други болести.“ (член 8)<br><br>„Се забранува дискриминација врз основа на полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето со ментална болест.“ (член 20)<br><br>„Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице ако: врши дискриминација врз основа на полот, јазикот, верата, политичкото или друго уверување, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус на лицето со ментална болест.“ (член 40) | Донесен<br>71/2006<br>Последна промена<br>150/2015 |

| | |
|---|---|
| 46. Закон за заштита на правата на пациентите<br>„Начелото на достапност се заснова на:<br>1) здравствени услуги што постојано се достапни и пристапни на сите пациенти подеднакво и без дискриминација;<br><br>...<br>3) праведна и фер постапка за избор/селекција на медицински третман, во услови кога постои можност за избор од страна на здравствените установи на потенцијални пациенти за посебен третман кој е достапен во ограничен обем, при што изборот треба да се заснова на медицински критериуми, без дискриминација.“ (член 3)<br><br>„Пациентот има право на остварувањето на правата, пропишани со овој закон, без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус.“ (член 5).<br><br>Се забранува дискриминација на пациентот (член 32).<br><br>Инспекторатот да забрани дискриминација (член 57). | Донесен<br>82/2008<br>Последна промена<br>150/2015 |
| 47. Закон за заштита на децата<br><br>„Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.“ (член 4)<br><br>„Се забранува секоја форма на дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, културна или друга припадност, имотната состојба, онеспособеноста, раѓањето или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател. Државата и институциите на системот се должни да ги преземат сите потребни мерки за да ги обезбедат правата на детето и за спречување на сите облици на | Донесен<br>23/2013<br>Последна промена<br>198/2018 |

| | |
|---|---|
| дискриминација и злоупотреба без оглед на местото каде што се извршени овие дејствија, тежината, интензитетот и нивното времетраење. Секој граѓанин е должен да пријави пред надлежен орган каква било форма на дискриминација, злоупотреба и искористување на дете во облиците наведени во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) на овој член и тоа веднаш по стекнувањето на сознание за настанот.“ (член 12)<br><br>„(1) Се забранува секаков вид на директна или индиректна дискриминација; (2) Забраната од ставот (1) на овој член се однесува на сите установи за социјална заштита и социјална сигурност кои решаваат за правата утврдени со закон, јавните установи за деца основани од Владата на Република Македонија (во натамошниот<br>текст: Владата), јавните установи за деца основани од општина, општините во градот Скопје, градот Скопје и приватните установи за деца основани од правни и физички лица, правно лице запишано како агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и физичко лице кое врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитување на деца како професионална дејност.“ (член 13)<br><br>„Директна дискриминација, во смисла на членот 13 од овој закон, е секое постапување со кое барателот или корисникот на заштита на децата бил ставен во неповолна положба од други корисници во споредбени случаи заради расна, етничка или друга припадност. Индиректна дискриминација во смисла на овој закон, постои кога со определена неутрална одредба, критериум или пракса, го става барателот или корисникот на заштита на децата во неповолна положба во однос на други лица, заради расна, етничка или друга припадност, освен доколку се утврдени критериуми или практики кои се објективно оправдани со легитимна цел и средствата за постигнување на таа цел се соодветни и неопходни.“ (член 14)<br><br>„Во случаите на дискриминација од членовите 13 и 14 од овој закон барателот или корисникот на правата и облиците на заштита на децата има право да бара заштита од надлежен орган. Секое дискриминаторско дејстие сторено во вршењето на службената должност претставува основ за поведување на постапка за дискриминација согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.“ (член 15).<br><br>„Член 76, 77, 80, 90, 142, 177-а, 180, (услови за вршење работа) на овластеното лице на правното лице да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда со која е осудено за кривично дело за семејно насилство, одземање на малолетно лице, негрижа или злоставување на малолетно лице или родоскврнавење,<br>за кривично дело од групата на дела против половата слобода, без оглед на изречената санкција и кај | |

| | |
|---|---|
| кое во согласност со закон е утврдено дискриминаторско однесување.“<br><br>„Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши директна или индиректна дискриминација и малтретирање во остварувањето на правата и облиците на заштита на децата утврдени со овој закон.“ (член 227) | |
| **Правосудство и управа** | |
| 48. Закон за бесплатна правна помош<br>„Целта на законот е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните и другите лица определени со овој закон до институциите на системот, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата.“ (член 2) | Донесен<br>161/2009<br>Последна промена<br>104/2015 |
| 49. Кривичен законик<br>Тортура заради дискриминација (член 142).<br><br>Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа (член 319).<br><br>Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (член 394-г).<br><br>Злосторство против човечноста (403-а).<br><br>Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства (407-а).<br><br>Расна и друга дискриминација.<br>„Тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожа, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус,<br>менталната или телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статус, здравствената состојба, или која било друга основа предвидено со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница,<br>ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.“ (член 417) | Донесен<br>37/1996<br>Последна промена<br>248/2018 |
| 50. Закон за кривичната постапка<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>150/2010<br>Последна промена |

| | |
|---|---|
| | 198/2018 |
| 51. Закон за државјанство<br>„Иселеник, во смисла на овој закон, се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.“ (член 8) | Донесен<br>67/1992<br><br>Последна промена<br>55/2016 |
| 52. Закон за државна статистика<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>54/1997<br>Последна промена<br>220/2018 |
| 53. Закон за одбрана<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>42/2001<br><br>Последна промена<br>215/2015 |
| 54. Закон за референдум<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>81/2005<br>Последна промена<br>3/2006 |
| 55. Закон за установите<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>32/2005<br>Последна промена<br>51/2011 |
| 56. Закон за вештачење<br><br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>15/2010<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 57. Закон за извршување на санкциите<br>„Правилата за извршувањето на санкциите се применуваат непристрасно. Забранета е дискриминација врз основа на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, верата, политичките или други уверувања, националното или социјалното потекло, сродството, имотната и општествената положба или некој друг статус... Верските чувства, личното уверување и моралните норми на лицата спрема кои се извршуваат санкциите мора да се почитуваат.“ (член 4).<br><br>„Судијата за извршување на санкциите ги штити правата на осудените лица, врши надзор над законитоста во постапката за извршување на санкциите и обезбедува рамноправност и еднаквост на | Донесен<br>2/2006<br>Последна промена<br>209/2018 |

| | |
|---|---|
| осудените лица пред законот“ (член 36).<br><br>„За припадниците во затворската полиција важат општите начела за вработените во јавниот сектор согласно со Законот за вработените во јавниот сектор и тоа: – начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност,....“ (член 54-в)<br><br>„Службените лица своите обврски треба да ги извршуваат чесно и непристрасно, без злоба и лоша намера, независно од положбата, полот, расата, националноста, вероисповедта и политичките уверувања на осудените лица“ (член 163). | |
| 58. Закон за медијација<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>188/2013<br>Последна промена<br>55/2016 |
| 59. Закон за адвокатурата<br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>15 јули 2002 година<br>Последна промена<br>148/2015 |
| 60. Закон за судска служба<br><br>Нема одредби кои се поврзани со дискриминација. | Донесен<br>43/2014<br>Последна промена<br>248/2018 |
| 61. Закон за судовите<br>„Целите и функциите на судската власт опфаќаат:<br><br>...<br><br>– обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ“. (член 3)<br><br>„Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси. При одлучувањето за граѓанските права и обврски и при одлучувањето за кривичната одговорност, секој има право на правично и јавно судење во разумен рок пред независен и непристрасен суд основан со закон. Никому не може да му биде ограничен пристапот пред судовите во заштитата на основните права и слободи поради недостиг на материјални средства.“ (член 6) | Донесен<br>58/2006<br>Последна промена<br>198/2018 |

| | |
|---|---|
| „При изборот на судии и судии - поротници не смее да се врши дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.“ (член 43)<br><br>„Под нестручно и несовесно вршење на судиската функција се подразбира ... пристрасно водење на судската постапка особено во однос на еднаквиот третман на странките.“ (член 75) | |
| 62. Закон за Јавното обвинителство<br><br>„Јавниот обвинител функцијата ја врши законито, непристрасно и објективно, ги почитува и заштитува слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти и во рамките на своите надлежности, во име на општеството се грижи за ефикасност на кривичноправниот систем. Јавниот обвинител во вршењето на функцијата обезбедува еднаквост на граѓаните пред законот, независно од полот, расата, бојата на кожа, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување и имотната и општествената положба.“ (член 5)<br><br>„Повисокото јавно обвинителство врши надзор над работата и постапувањето по конкретни предмети на пониските јавни обвинителства.<br><br>...<br><br>повреда на начелото на недискриминација по кој било основ.“ (член 21)<br><br>„При изборот на јавен обвинител не смее да се врши дискриминација во однос на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјално потекло, политичкото и верско уверување, имотната и општествена положба. При изборот на јавен обвинител, без да се нарушат критериумите утврдени со закон, ќе се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Македонија.“ (член 43)<br>„Потешка дисциплинска повреда за која се поведува постапка за дисциплинска одговорност на јавен обвинител се смета: ... повреда на начелото на недискриминација по кој било осноа ...“. (член 69) | Донесен<br>150/2007<br>Последна промена<br>198/2018 |
| 63. Закон за внатрешни работи<br>„При вработување во Министерството треба да бидат соодветно и правично застапени и граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност. При | Донесен<br>42/2014<br>Последна промена |

| | |
|---|---|
| вработување во Министерството се почитува принципот на еднаквост на половите.“ (член 8)<br><br>„Унапредувањето се врши во транспарентна постапка, со објавување на интерен оглас, врз основа на професионалните квалитети и квалификации на работникот, неговите работни способности, завршените обуки во текот на работниот однос и начинот на извршување на работните обврски, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување и националната припадност.“ (член 120) | 135/2018 |
| 64. Закон за полиција<br>„При вработувањето во Полицијата треба да бидат соодветно и правично застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност. При вработувањето во Полицијата да се почитува принципот на еднаквост на половите.“ (член 96) | Донесен<br>114/2006<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 65. Закон за гранична контрола<br>„При извршувањето на граничната контрола полициските службеници се должни целосно да го почитуваат човековото достоинство. Сите овластувања што ги преземаат полициските службеници во текот на извршувањето на граничната контрола треба да бидат сразмерни со целта заради која се преземаат.<br>Во текот на вршењето на граничната контрола полициските службеници не смеат да прават дискриминација по однос на полот, расната или етничката припадност, бојата на кожата, возраста, националната припадност, социјалното потекло, верското уверување, неспособноста или сексуалната определба, имотната и општествената положба.“ (член 8) | Донесен<br>171/2010<br>Последна промена<br>64/2018 |
| 66. Закон за надворешни работи<br>„При именување на амбасадорите се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници и принципот на еднакви можности на половите.“ (член 36) | Донесен<br>46/2006<br>Последна промена<br>226/2015 |
| 67. Закон за служба во Армијата на Република Македонија<br>„При вработувањето треба да се почитува принципот на еднаквост на половите.“ (член 30)<br><br>Член 30<br>...<br>„(6) При вработувањето треба да се почитува принципот на еднаквост на половите.“<br><br>„Дисциплински престап претставува потешка повреда на воената дисциплина, односно потешка повреда на угледот на службата или угледот на воениот и цивилниот персонал... изразување и застапување политички ставови и убедувања во службата и предизвикување национална, верска и расна нетрпеливост.“ (член 131) | Донесен<br>36/2010<br>Последна промена<br>71/2016 |

| | |
|---|---|
| 68. Закон за административни службеници<br>„Претседателот и членовите на Комисијата и нивните заменици со решение ги определува директорот на Агенцијата врз основа на начелата на стручност и компетентност и согласно со начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.“ (член 19)<br><br>„При изборот на кандидати за раководни работни места, Комисијата води сметка за обезбедување на соодветна и правична застапеност на тие работни места.“ (член 44)<br><br>„При постапката на унапредување се почитува начелото за соодветна и правична застапеност.“ (член 48) | Донесен 27/2014<br>Последна промена 11/2018 |
| 69. Закон за вработените во јавниот сектор<br>„Начело на еднакви услови, еднаков пристап до работно место, соодветна и правична застапеност<br>Институциите, согласно со начелото на еднакви услови и еднаков пристап за сите заинтересирани кандидати до работното место, имаат обврска слободните работни места и условите за нивно пополнување да ги огласуваат преку интерен, односно јавен оглас. Институциите имаат обврска да ги планираат вработувањата со годишни планови, согласно со нивните потреби, а врз основа на Методологијата за планирање на<br>вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност. Методологијата за планирање од ставот (2) на овој член, која ги содржи формата, содржината и образецот на годишниот план и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, ја донесува министерот за информатичко општество и администрација во согласност со членот на Владата задолжен за спроведување на Рамковниот договор.“ (член 5) | Донесен 27/2014<br>Последна промена 198/2018 |
| 70. Закон за Царинската управа<br>„Во извршувањето на своите надлежности, Царинската управа и царинските службеници не треба да вршат дискриминација на кое било лице врз ниедна основа како што се: пол, раса, боја на кожата, национално или социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба или друг статус. “ (член 13) | Донесен 46/2004<br>Последна промена 248/2018 |
| 71. Изборен законик<br>„Политичките партии имаат право на закуп за политичко рекламирање на рекламните паноа и билборди на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со следните критериуми: ... .“ (член 78-а)<br>„Во составот на изборните органи секој пол ќе биде застапен со најмалку 30 %.“ (член 21)<br><br>„Во поднесената листа на кандидати за пратеници од ставот (2) на овој член и за членови на совет на општината и градот Скопје од ставот (3) на овој член, најмалку 40 % од кандидатите му припаѓаат на помалку застапениот пол и тоа на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку | Донесен 40/2006<br>Последна промена 27/2019 |

| | |
|---|---|
| застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места“ (член 64).<br><br>„На избирач кој е лице со посебни потреби, а кое не може да влезе во гласачкото место и да гласа согласно со овој законик, избирачкиот одбор е должен да му овозможи да гласа согласно со Упатството на Државната изборна комисија.“ (112-а) | |
| 72. Закон за народниот правобранител<br>„Народниот правобранител е орган на Република Македонија … и кој презема дејствија и мерки за заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби, како и врши и други работи утврдени со друг закон.“ (член 2)<br><br>„Народниот правобранител во вршењето на работите од својата надлежност презема дејствија и мерки за кои е овластен со овој закон заради … заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници кога се повредени од органите од членот 2 на овој закон.“ (член 11)<br><br>„Народниот правобранител врши превенција и обезбедува посебна заштита на правата на децата и лицата со попреченост, превенција и заштита од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување во местата каде лицата се или можат да бидат лишени од слобода, како и превенција и посебна заштита на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и јавните установи и служби.“ (член 11-б)<br><br>„… Секое лице може да поднесе претставка до Народниот правобранител кога ќе оцени дека му се повредени уставните и законските права или кога се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите од член 2 на овој закон.“ (член 13)<br><br>„Народниот правобранител ќе покрене постапка по поднесена претставка или по сопствена иницијатива ако од наводите, доказите и фактите приложени кон претставката или од сознанијата добиени на друг начин основано произлегува дека од страна на органите од членот 2 на овој закон се повредени уставните и законските права на граѓаните или се повредени начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припаднците на заедниците.“ (член 21)<br><br>„Народниот правобранител може да го даде своето мислење во однос на заштитата на уставните и | Донесен<br>60/2003<br>Последна промена<br>35/2018 |

| | |
|---|---|
| законските права и заштитата на начелата на недискриминација и соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците за предметот што е во постапка, без оглед на видот и степенот на постапката што е во тек пред органите од членот 2 и членот 12 став 1 на овој закон.“ (член 28) | |
| 73. Закон за општата управна постапка<br><br>Начело на еднаквост, непристрасност и објективност<br><br>„Органите во управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи.“ (член 8)<br><br>„Услугите од општ интерес се управни дејствија со кои на граѓаните им се обезбедуваат општо достапни услуги за сите странки по пристапна цена и со соодветен квалитет на услугата, во континуитет, транспарентно без дискриминација на корисникот на услугата. Доколку корисникот на услуга од општ интерес и покрај тоа што ги исполнил своите обврски, смета дека не добива услуга со соодветен квалитет, во континуитет, транспарентно и без дискриминација може да поднесе приговор до надзорниот јавен орган утврден со закон, сè додека трае дејствието или неизвршувањето на одредено дејствие од страна на давателот на услугите.“ (член 103) | Донесен<br>124/2015<br>Последна промена<br>65/2018 |
| 74. Закон за вонпарнична постапка<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>9/2008<br>Последна промена<br>77/2018 |
| 75. Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>143/2012<br>Последна промена<br>нема |
| 76. Закон за правда за децата<br>„Судот и другите институции во примената на овој закон ги почитуваат и обезбедуваат правата на детето без никаква дискриминација, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, родот, припадноста на маргинализирана група, етничката припадност, јазикот, државјанството, социјалното потекло, религијата или верското уверување, други видови на уверувања, образованието, политичката припадност, личниот или општествениот статус, менталната и телесната попреченост, возраста, семејната или брачната состојба, имотниот статусот, здравствената состојба или кој било друг основ кој е предвиден со закон или со ратификуван меѓународен договор, на родителите/или/от, односно старателите/или/от или на членовите на семејството на детето. Судот и другите институции при | Донесен<br>148/2013<br>Последна промена<br>нема |

| | |
|---|---|
| применатa на овој закон ги преземаат сите потребни мерки за обезбедување заштита на детето од сите видови на дискриминација или санкција или други ограничувања на правата врз основите предвидени во ставот (1) на овој член.“ (член 8)<br><br>„Детето жртва на кривично дело ги има следниве права: со него да се постапува со почитување на неговото достоинство, да биде заштитено од секаква дискриминација.“ (член 145)<br><br>„При изборот на членовите на Државниот совет ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници“ (член 154). | |
| 77. Закон за парничната постапка<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>79/2005<br>Последна промена<br>124/2015 |
| 78. Закон за извршување<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>72/2016<br>Последна промена<br>33/2019 |
| **Домување и пристап до добра и услуги** | |
| 79. Закон за домување<br><br>„Единици за престој за постари и изнемоштени лица се станбени единици во кои станарите добиваат помош 24 часа дневно од определена установа под услов архитектонски да се прилагодени како станови за постари лица со сопствено домаќинство во станбена зграда или во друг вид на збиена градба.“ (член 7)<br><br>Годишната програма за домување од членот 100 на овој закон содржи:<br><br>„... мерки за домување од архитектонски и градежен аспект со цел за обезбедување на соодветно домување за лицата со попреченост.“ (член 102)<br><br>„Заради обезбедување на долгорочен, стандардизиран и хармоничен развој на домувањето, согласност со современите стандарди за квалитетен живот, заштита на животната средина и природата, обезбедување и заштита на конкурентен пазар на станови врз начелата на објективност, транспарентност и недискриминираност и согласно со утврдената политика со Стратегијата за домување, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија | Донесен<br>99/2009<br>Последна промена<br>64/2018 |

| | |
|---|---|
| основа Регулаторна комисија за домување (во натамошниот текст: Регулаторна комисија).“ (член 104) | |
| 80. Закон за градење<br><br>„Во случај на реконструкција или адаптација на градба запишана во Националниот регистар на културно наследство, со кои на лица со инвалидност им се овозможува непречен пристап, движење, престој и работа, може да се отстапи од некои основни барања за градбата заради овозможување на непречен пристап, движење, престој и работа, по добиено позитивно мислење од Министерството за труд и социјална политика и прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.“ (член 10)<br><br>Непречен пристап и движење до и во градбата<br><br>„Градба со јавни и деловни намени, градби со намена домување во станбени згради како и градби со станбено-деловна намена, мора да биде проектирана и изградена така што на лицата со инвалидност ќе им се овозможи непречен пристап, движење, престој и работа до и во градбата. Градба со намена домување во станбени згради како и градба со станбено-деловна намена, со десет и повеќе станови, треба да биде проектирана и изградена така што да биде приспособена за пристап, движење, престој и работа на лица со инвалидност, во најмалку еден стан на секои десет стана, но не во повеќе од четири стана, а најмалку 3 % од вкупниот број на местата за паркирање во паркинг просторот на овие градби треба да бидат наменети за лица со инвалидност и треба да бидат обележани со соодветна хоризонтална и вертикална сигнализација. При изградба на нови како и при реконструкција на постоечки јавни површини пешачки патеки во централно градско јадро и во паркови, јавната површина – пешачка патека треба да биде проектирана и изведена така што истата ќе има и патека за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид. Техничките карактеристики и димензиите на патеката за движење на лица со телесен хендикеп и лица со оштетен вид, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот. Начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на лица со инвалидност до и во градбите од ставовите (1) и (2) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.“ (член 11)<br><br>„Одобрение за градење не е потребно за следниве градби: ... градби со кои се овозможува и олеснува движењето на лица со инвалидност до и во градбата.“ (член 73)<br><br>„Барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд може да поднесе и лице со | Донесен<br>130/2009<br>Последна промена<br>168/2018 |

| | |
|---|---|
| инвалидност доколку утврди дека изграден објект со јавна намена не ги исполнува условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, односно прекршочен орган“ (член 164).<br><br>„Сопствениците на изградените објекти со јавна и деловна намена, се должни да ги исполнат условите за непречен пристап на лица со инвалидност пропишани со овој закон, најдоцна до 1 септември 2015 година, а скалиштата во надворешниот простор наменети за јавна употреба, во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.“ (член 170) | |
| 81. Закон за комуналните дејности<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 95/2011<br>Последни промени 64/2018 |
| 82. Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 68/2004<br>Последни промени 31/2016 |
| 83. Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен 67/2004<br>Последни промени 146/2015 |
| **Јавно информирање и медиуми** | |
| 84. Закон за медиумите<br>„Забрането е со објавувањето, односно емитувањето на содржини во медиумите да се загрозува националната безбедност, да се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, да се повикува на воена агресија или на вооружен конфликт, да се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност. Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“ (член 4). | Донесен 184/2013<br>Последна промена 13/2014 |
| 85. Закон за електронските комуникации<br>„Агенцијата заради остварување на целите утврдени во ставовите (1), (2) и (3) на овој член е должна да ги применува регулаторните начела за објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност и тоа особено преку: – промовирање на регулаторна предвидливост со обезбедување на доследен регулаторен пристап во соодветни периоди на проверка, – обезбедување дека во слични околности, нема дискриминација во третманот на операторите... .“ (член 7) | Донесен 39/2014<br>Последни промени 21/2018 |

| | |
|---|---|
| „Пристапот до единствената информациска точка за добивање на минимални информации за одредена област, Агенцијата го овозможува во електронска форма, притоа, имајќи ги предвид принципите на пропорционалност и недискриминација“ (член 67).<br><br>Обврска за недискриминација при интерконекција или пристап (член 85).<br><br>„Агенцијата може на операторите кои го контролираат пристапот на крајните корисници да им наметне обврски и услови со цел да се исполни обврската од ставот (3) на овој член, кои треба да бидат објективни, правични, недискриминаторски и транспарентни.“ (член 112)<br><br>„Критериумите за избор врз основа на кој ќе се донесе одлука за избор на најповолен понудувач мора да се темелат на начелата на објективност, транспарентност, недискриминација и пропорционалност, при што треба да се води сметка и за остварување на целите и регулаторните начела утврдени со овој закон.“ (член 135) | |
| 86. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги<br><br>Посебни забрани<br>„(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род,<br>сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа.“ (член 48)<br><br>„Аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат:<br>– до го доведуваат во прашање почитувањето на човековото достоинство,<br>– да вклучуваат или промовираат каква било дискриминација врз основа на пол, раса, етничка припадност, националност, вера или уверување, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација.“ (член 53)<br><br>(начела)<br>„– еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на | Донесен<br>184/2013<br>Последна промена<br>27/2019 |

| | |
|---|---|
| човекот и граѓанинот“ (член 61).<br><br>„Постапката за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е транспарентна и се води на начин што обезбедува еднаков, рамноправен и недискриминаторски третман на сите учесници во постапката.“ (член 69)<br><br>„Секој радиодифузер, под фер, разумни и недискриминирачки услови, има право на кратко известување за настани за кои постои висок интерес кај јавноста ... .“ (член 89)<br><br>(обврски на МРТ)<br>„– развива и планира програмска шема во интерес на целокупната јавност, а<br>програмите да бидат наменети за сите сегменти на општеството без дискриминација,<br>притоа водејќи сметка за специфичните општествени групи,<br>...<br>– придонесува за почитување и промоција на основните човекови права и слободи, приватноста, достоинството, угледот и честа на индивидуата, толеранцијата, разбирањето и почитувањето на различностите, чувството за мир, правда, демократските вредности и институциите, заштита на малолетници, еднаквоста меѓу<br>половите, сузбивање на дискриминацијата и придобивките од граѓанското општество“ (член 110).<br><br>(глоба)<br>„... емитува и создава програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло,<br>национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус,<br>здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа.“ (член 147) | |
| **Членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство** | |
| 87. Закон за политичките партии<br>„Политичките партии во своето дејствување се грижат за остварување на принципот на еднаквост на половите во достапноста на функциите во политичката партија.“ (член 4) | Донесен 76/2004<br>Последна промена |

| | |
|---|---|
| „Се забранува секаква дискриминација врз основа на членување или нечленување во политичка партија.“ (член 5) | 23/2013 |
| 88. Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група<br>Не е дозволена верска дискриминација.“ (член 4) | Донесен<br>132/2010<br>Последна промена<br>132/2010 |
| 89. Закон за здруженија и фондации<br>„Дејности од јавен интерес се:<br>– развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права,<br>– помош и заштита на лица со физички или ментален хендикеп, лица со попреченост во развојот и лица со посебни потреби,<br>– заштита на деца и младинци,<br>– заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување.“ (член 74) | Донесен<br>52/2010<br>Последна промена<br>55/2016 |
| 90. Закон за јавните собири<br>Нема одредби кои се однесуваат на дискриминација. | Донесен<br>55/1995<br>Последни проемни<br>152/2015 |
| **Култура** | |
| 91. Закон за културата<br>„Републиката ја поттикнува и помага културата, особено преку:<br>1. поволни услови за остварување на културни вредности;<br>2. посебни услови за основање и работа на субјектите во културата;<br>3. Еднакви услови за изразување, негување и афирмирање на културниот идентитет на заедниците во Републиката.“ (член 2)<br><br>„Дејностите од ставот 1 на овој член може да ги остварува секој, под еднакви услови, утврдени со закон“ (член 5).<br><br>„Национален интерес во културата, во смисла на овој закон, е културата што е јавен интерес за сите граѓани во Републиката и е неопходно нејзиното континуирано вршење, како и достапност на сите | Донесен<br>31/1998<br>Последна промена<br>11/2018 |

| | |
|---|---|
| граѓани под еднакви услови.“ (член 8)<br><br>Совет за култура<br>„Членовите на Советот ги именува министерот за култура, од редот на истакнати уметници, стручни лица од областа на културата и од јавниот и општествениот живот, по принципот на стручност и компетентност и на соодветната и правична застапеност на граѓаните, кои припаѓаат на сите заедници, за време на мандатот на министерот за култура.“ (чЧлен 11)<br><br>„Со цел да се обезбедат поповолни услови за творење на самостојниот уметник, по пат на годишен конкурс, може да му се доделат месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република Македонија, за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за персоналниот данок на доход, за што одлучува министерот за култура, почитувајќи го принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.“ (член 16) | |
| **Други области определени со закон** | |
| 92. Закон за еднакви можности на жените и мажите<br>Примена на законот<br>„Се забранува дискриминација, вознемирување и сексуално вознемирување врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областите на вработувањето и трудот, образованието, науката и спортот, социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување, здравственото осигурување и здравствената заштита, правосудството и управата, домувањето, јавното информирање и медиумите, информатичко-комуникациските технологии, одбраната и безбедноста, членувањето и дејствувањето во синдикални организации, политички партии, здруженија и фондации, други организации засновани на членство, културата и други области определени со овој или друг закон. Согласно со принципот на еднаков третман во пристапот до вработување, дискриминацијата е забранета и врз основа на брачниот статус, семејниот статус, боја на кожа, јазик, политичко или друго убедување, активност во синдикатите, националната припадност или социјалниот статус, инвалидност, возраст, сопственост, општествен или друг статус.“ (член 3)<br><br>„Дискриминација по основ на пол е секоја разлика, исклучување или ограничување врз основа на пол, што има за последица или за цел да го загрози или оневозможи признавањето, остварувањето или практикувањето на човековите права и основните слободи врз основа на еднаквост на жените и мажите во политичко, економско, општествено, културно и граѓанско или друго поле, без оглед на нивната раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, | Донесен<br>6/2012<br>Последна промена<br>150/2015 |

| | |
|---|---|
| имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа.“ (член 4) | |

Прилог 2

Листа на закони кои би се хармонизирале во согласност со максималистичкиот приод

| |
|---|
| **Работа и работни односи** |
| 1. Закон за работните односи |
| **Образование, наука и спорт** |
| 2. Закон за основното образование |
| 3. Закон за средното образование |
| 4. Закон за високото образование |
| 5. Закон за научно-истражувачката дејност |
| 6. Закон за спортот |
| **Социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита** |
| 7. Закон за социјалната заштита |
| 8. Закон за семејството |

| |
|---|
| 9. Закон за пензиското и инвалидското осигурување |
| 10. Закон за здравствената заштита |
| 11. Закон за здравственото осигурување |
| 12. Закон за заштита на децата |
| **Правосудство и управа** |
| 13. Закон за судовите |
| 14. Закон за Јавното обвинителство |
| 15. Закон за внатрешни работи |
| 16. Закон за полиција |
| 17. Закон за административни службеници |
| 18. Закон за вработените во јавниот сектор |

| |
|---|
| |
| 19. Изборен законик |
| **Јавно информирање и медиуми** |
| 20. Закон за медиумите |
| **Членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство** |
| 21. Закон за политичките партии |
| 22. Закон за здруженија и фондации |
| **Култура** |
| 23. Закон за културата |